# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието Република Македонија, одржана на 25 мај 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нелко Стојановски, Лилјана Ивановска, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Благој Голомеов, Тасим Сулејмановски, Цветле Јаневска, Игор Ивановски, Али Ахмети, Теута Арифи, Талат Џафери, Недим Рамизи, Љубе Бошковски, Љупчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Ганка Самоиловска Цветанова, Ванчо Георгиев и Фатмир Асани ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со расправа во **Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за локални избори, со Предлог на закон.**

За збор е пријавена пратеникот Ристана Лалчевска, а нека се подготви, ако стигне, господинот Аднан Јашари подоцна.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Колеги пратеници, сосема накратко ќе дадам свое видување околу Предлогот за изменување и дополнување на законот за локални избори.

Пред се, се работи за Предлог за изменување и дополнување кој навистина е обемен. Бројни се измените кои ги предлага министерот покрај голем

број усогласувања со постојното изборно право, пред се со Законот за избор на пратеници и Законот за избор на претседател, се внесуваат и доста суштински новини во новиот предлог за измени и дополнувања. Од оваа причина мислам дека беше потребно да се оди со Предлог за донесување на нов закон, бидејќи се менува суштината со бројните промени кои се предложени.

Зошто Министерството не се определи за нов предлог на закон кој ќе одеше во редовна постапка и кој секако ќе беше поиздржан, затоа што пратениците ќе имаа можност да вградат дел од своите видувања и размислувања во новиот предлог закон и ќе добиевме подобро решение. Го слушнав објаснувањето на министерот за кратките рокови кои не притискаат, а тоа е сосема коректно и точно, меѓутоа, локалните избори не се нешто што дојде непредвидено, познато беше дека локалните избори ќе се случат во времето во кое треба да се случат, така што ценам дека Министерството требаше нешто порано да ја започне процедурата околу подготовка на тој закон. Како и да е, го имаме предлогот за измени и би дебатирала околу него.

Сите слабости во избирачкото право со постојниот Закон за локални избори на некој начин се елиминираат со овој Предлог на закон и се усогласуваат со Законот за избор на пратеници, односно со решенијата кои се содржани во овие два законски предлози, така што се надминуваат некои, не би рекла слабости, меѓутоа, некои надминати состојби со оглед на новините кои се случија и на некој начин го дерогираат стариот Закон за локална самоуправа. Меѓутоа јас би дебатирала најмногу околу новината за цензусот кој се воведува со новиот предлог, а тоа е околу членот 52 со кој се менува членот 55 и во кој за избор на градоначалник и советници во локалната самоуправа се предлага цензус од една третина излезеност за успешност на изборите. Според мене, ваков низок цензус сеуште е рано да воведуваме од причини што ни се има појавено сеуште со проблем на ниска излезеност, значи граѓаните сеуште излегуваат на 50% и не знам од кои причини се прифати толку низок цензус на излезеност за успешност на изборите. Иако ни е познат трендот во другите законодавства, кои одат со низок цензус на излезеност, некаде 30-35%, меѓутоа, ние по многу нешта се разликуваме од Европа, а за да се доближиме кон стандардите до Европа, мислам дека одредени состојби во државата треба да се средат и да се доведат блиску до она што значи европско законодавство. Од кои причини не ми прифатлив толку низок цензус на излезеност? Пред се од причини на легитимноста на избраниот градоначалник, затоа што може да се случи, во најлош случај на излезеност од една третина, во некоја општина која

има десетина илјади гласачи да биде избран градоначалник со бројка од 1700 гласови. Сега се поставува она прашање каков е легитимитетот на избраниот градоначалник со толку мал број на излезеност на гласачи. А со оглед на фактот дека децентрализацијата е во тек и наскоро ќе биде завршена, на градоначалникот му се пренесуваат бројни надлежности од државата на локално ниво, така што од една страна имаме зголемување на надлежностите на градоначалникот, а од друга страна избор со многу мал број излезеност на глалсачи, што значи ставање под знак прашалник на легитимитетот на така избраниот градоначалник. Јас мислам дека овие две работи не одат никако. Можеби требаше да размислуваме за некаков модел поинаков и поразличен за избор на градоначалник, или да остане цензусот на 50%, со можност по некое идно време, со менување на комплетното изборно право и следејќи ги трендовите во нашата држава, пред се, да одиме со понизок цензус. Зошто го велам ова? Затоа што нашите граѓани сеуште излегуваат во доволен број на избори, така што не смееме на некој начин да го омаловажуваме правото на гласачот и да понудиме решенија како ова, односно да понудиме решенија со кои ќе избереме градоначалник со толку низок цензус.

Тоа би биле моите размислувања за оваа проблематика и новина во законот. А со оглед на фактот што за другите избори немаме толку низок цензус, кога би оделе на намалување на цензусот, тогаш би требало во целото изборно право да го намалиме цензусот, а не да го намалуваме цензусот само за локалните избори. Тоа е нешто што за мене е нешто неприфатливо и многу дискутабилно.

Нешто што значи чекор - еве да кажам добар збор - во унапредување на демократските процеси во Македонија е внесување на квотата од 30% застапеност на половите. Ова не е новина, меѓутоа, прв пат го внесуваме во законот за локални избори и е сосема вред и усогласено со Законот за избор на пратеници. Имам пофални зборови за министерот за разбирањето на овој демократски процес што се случува во нашата држава и давање простор на двата пола во учество во трката за избори на функционери на локално ниво.

Инаку, во однос на другите решенија би кажала дека многу дискутабилен е членот каде што се вели дека во градот Скопје ако нема над 20%, во однос на употребата на јазиците тоа е тој дел, во Амандманот ВИИИ не е употребена ваква формулација. Јас мислам тука требаше да се извршат некакви корекции, не може да стои “ако нема”, туку ако има над 20%, што значи не е ни терминолошки усогласено со Амандманот ВИИИ од Уставот. Има еден член во Предлогот каде се вели “на вработените во локална самоуправа, доколку бидат избрани во советите, ќе им

престане работниот однос, односно ќе им мирува за времетраењето на нивниот мандат како советници во Советот на општината". Ова е една апсурдна норма затоа што советниците не се професионалци, тие не земаат плата од Советот и се поставува прашање од што ќе живеат таквите вработени во општините на кои ќе им мирува работното место за времетраењето на нивниот мандат како советници.

Долго време размислував зошто е употребена ваква норма и мислам дека министерот се определил за такво решение за да не дојде во судир со Уставот, бидејќи во Уставот му е загарантирано право на секој граѓанин да учествува во избори за функции од различни нивоа. И можеби цени од причини што тие се вработени во локална самоуправа, меѓутоа, не знам зошто не би можеле да учествуваат со тоа што се вработени во локалната самоуправа во Советот на општината, кога би оделе на забрана на учество во советите на општината, односно забрана на нивен избор за совети во општината, тогаш би дошле во директен судар со таа уставна норма, каде што се вели сите граѓани, значи никого не исклучува, може да учествува во избори за функционери. Ова е едно решение под плашт на дозволеност, меѓутоа, кога би го изанализирале би виделе дека доаѓа директно во судир токму со таа уставна норма и навистина не знам зошто е внесено во овој Предлог, затоа што во превод тоа значи забрана за оваа категорија граѓани кои се вработени во локалната самоуправа, забрана да учествуваат и на некој начин пред време им забрануваме да учествуваат во локалните избори за избор на советници, затоа што неможно е тие да учествуваат, а претходно знаат дека ќе го загубат работното место односно ќе им мирува за времетраење на мандатот и со тоа ќе немаат егзистенција за четири години. Оваа норма навистина е излишна.

Што се однесува до другите решенија, освен некои мали технички недостатоци, се усогласени со постојното и важечко изборно право и очекувам дека во многу скоро време, барем според најавата на министерот, целата оваа регулатива ќе ја видиме во еден кодекс каде ќе биде усогласена и ќе биде многу подостапна за користење, барем така најави министерот. Друго не би имала што да дебатирам. Тоа беа главно работите на кои сакав да се осврнам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Бидејќи господинот Аднан Јашари не е тука, има збор господинот Бејта, а нека се подготви госпоѓа Топузова, ако дојде.

Повелете господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Денес пред нас имаме еден многу значаен предлог. Со оглед на фактот дека овој закон е од интерес на сите граѓани кои живеат во нашата земја, жалам што еден дел од опозицијата, македонската опозиција не е присутен и повеќе жалам во однос на фактот што албанската опозиција ни најмалку не е присутна на парламентарните седници каде што станува збор за многу значајни закони што се од интерес на албанските граѓани, но и во интерес на сите граѓани во Републикава.

Денес го разгледуваме Предлогот за изменување и дополнување на законот за локални избори, со Предлог на закон. Оваа измена и дополнување не се направени за прв пат. Го имаме и актуелниот Закон за локални избори. Актуелниот Закон за локални избори не ги има исполнето како што треба барањата на сите граѓани. Затоа доаѓаме до овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори. Предлогот за донесување на закон за локалните избори го има предложено Владата со голема ангажираност на министерот за правда Иџет Мемети, но не значи дека тој е совршен и ги исполнува сите критериуми. Овој закон е изработен согласно Охридскиот договор, овој закон е изготвен со едно големо внимание и со голема усогласеност со Уставот и за прв пат со овој закон албанските граѓани кои во иднина ќе се кандидираат за претседатели на општините или на локалната власт или за советници, нивните имиња ќе ги напишат на својот мајчин јазик, значи на албански јазик.

Така што можам да кажам покрај ова со посебни членови е регулирано изборните комисии на локално ниво за прв пат да можат да зборуваат на албански јазик и ова значи многу и со ова се исполнуваат барањата и желбите на нашите граѓани кои живеат во нашава земја. Доколку овој закон ќе има некои недостатоци, верувам дека нестатоците кои ќе се забележат било од страна на граѓаните, било од интелектуалците овие недостатоци верувам доколку ги има се разбира ќе се отстранат во иднина. Но, сега засега овој закон е изготвен врз основа на критериумите на Охридскиот договор и врз основа на актуелниот Устав. Треба да нагласам лично, министерот за правда со голема умешност го има изготвено овој предлог за донесување на закон со уставно право за употреба на албанскиот јазик кој го има прелеано во законските одредби. Опозицијата може да реагира, но

опозицијата да реагира за интерес на граѓаните дека опозицијата беше како нас, значи во позиција, но не знаеле да донесат, да усвојат закони, добри закони кои се од интерес на граѓаните на Република Македонија. Додека од друга страна ние било како Влада, било како Владина коалиција од позоцијата размислуваме правилно. Некогаш, правиме и некои пропусти, но, сите закони кои ги усвојуваме, тоа сум го рекол и претходно, сносиме одговорност, значи, сите закони кои ги усвојуваме, ги усвојуваме од интерес на сите граѓани кои живеат во нашава земја. И, ние во текот на нашиот мандат ќе се потрудиме секогаш да усвојуваме закони кои се од интерес на сите граѓани во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сметам дека колегата Бејта не треба да жали според него за отсуството на опозицијата. Но, тие што се тука почитуван колега, доволно се подготвени да го анализираат, критикуваат и да дискутираат по Предлогот на законот. Но, да ве потсетам и едно друго нешто кога опозицијата, или сите членови на опозицијата пратеници кога дискутираат и тогаш не е погодено на позицијата. Ве молам, решете се еднаш. Второ, Времето почитуван колега ќе покаже дали сите закони кои ги носи Владата во кои сте и вие член како дел од коалицијата се навистина во интерес на сите граѓани, или се во интерес на една етничка заедница? Времето ќе покаже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Тогаш, продолжете, имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, министре за правда, законот за локални избори со кој се уредува постапката за избор на градоначалници и членови на советот во општините кои пак треба да ја спроведуваат децентрализацијата, денес го имаме на дневен ред по скратена посапка. Ми се чини дека само од причини познати на Владата или она што денес се нарекува Влада, или извршна власт во Република Македонија преокупирана најверојатно со некои многу други поважни работи го подзаборави овој закон за локални избори, или намерно повторно нас пратениците не става пред свршен чин велејќи дека не газат роковите за донесување на овој закон за локални избори. Колкав е пак легитимитетот на тоа нешто што се нарекува Влада, или извршна власт, а е во

оставка да го даде во процедура овој закон е посебно прашање за посебна анализа кое секако не смее да не биде кажано и да не се заборави. Министерот за правда во неговото излагање образложувајќи го Законот за локални избори доста сувопарно и многу технички би можела да речам најверојатно затоа што е технички министер во техничка Влада во оставка, значи многуквалификации, ги даде основните измени, значи доста сувопарно ги даде измените кои се предлагаат со овој закон. Токму затоа што министерот толку незаинтересирано ни ги даде објаснувањата, се потрудив да утврдам дали некои од понудените решенија се навистина неопходно потребни, а дали пак министерот ќе се потруди да ми одговори ќе му оставам тој самиот да размисли. Како прв пример од многуте кои ги има во предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори ќе го наведам членот 7, или конкретно членот 7-а, во кој се вели дека вонредни избори за членови на советите и градоначалник се распишуваат и спроведуваат согласно одредбите на овој закон во рок од 70 дена од денот на настапување на условите за престанок на мандатот утврдени со закон. И став 2, вонредните избори за членови на советите и градоначалник нема да се спроведат доколку до редовните избори има помалку од 6 месеци. Ако министерот не забележал, јас ќе му укажам дека овој член значи 7-а, е сличен со членот 60 во кој членот 64 се менува и гласи: Ако на градоначалник му престане мандатот поради една од причините утврдени со Законот за локална самоуправа и овој Закон се распишуваат предвремени избори за градоначалник, предвремени избори од став 1 на овој член нема да се распишат, ако до редовните избори има помалку од 6 месеци. Истовремено барам од министерот да ми објасни каква е терминолошката разлика меѓу зборовите вонредни избори и предвремени избори. Значи, инсистирам од министерот да ми објасни, со оглед на тоа дека во основните причини за донесување на предлог на законот имаме објаснување и за терминолошките поими. Барам да ми објасни што е разликата помеѓу вонредните избори и предвремените избори.

Во член 16 од предлогот за донесување на закон, став 5 или новиот член 13 од посебниот закон за локални избори како што напоменаа и колегите, посебно, колегата кој зборуваше пред мене, дека во работата на изборните комисии и избирачките одбори во единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа единица на локалната

смоуправа. Овде јас си го поставувам следново прашање. Дали во ваков состав на изборна комисија и на избирачки одбори кога ќе постојат значи и македонци и албанци во изборните комисии и избирачките одбори со оглед на фактот на различни јазици на кои зборуваат, дали тие, како изборна комисија и избирачки одбори ќе можат меѓусебе да се разбираат. Ако знаеме дека непосреден извршител на изборниот процес е токму избирачкиот одбор. Дали имало навистина толку неопходна потреба во овој момент во ваков предлог на закон да се стави и оваа одредба со која во еден избирачки одбор ќе имаме и македонци и албанци, македонците ќе зборуваат македонски, албанците ќе зборуваат албански, а треба да се спроведува изборниот процес. Како тие меѓу себе ќе се разберат. Навистина не можам да разберам кое е неопходното образложение во овој Предлог на закон да се стави ваква одредба.

Кога веќе сме кај употребата на јазиците, ќе се потрудам да го анализирам и членот 46 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот, посебно новиот став 13 со оглед на тоа дека на претходната сесија имавме дилема која беше иницирана од колегата Трифун Костовски од колегата Спиро Мавровски, а министерот можам да кажам доста арогантно се однесуваше токму кон разјаснувањето на оваа дилема која постоеше, која постои во новиот став 13, што не му е прв пат во Собранието, ќе се сложите сите. Сепак, на крајот ние не разбравме што сакаше министерот всушност да ни каже во своето образложение токму за овој спорен член 13. Би сакала доколку министерот е расположен уште еднаш да се потруди да ја објасни одредбата која се регулира во овој член 13.

Во членот 31од предлогот се вели дека по членот 29 се додаваат три нови членови: 29-а, 29-б и 29-в, кои гласат: Овие членови се однесуваат конкретно членот 29-а, всушност е превземен во целост од членот 52 од Законот за избор на пратеници. И во овој член 29-а, кој се предлага во ставот 1 се вели дека испитувањето на јавното мислење се објавува најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на изборите. Во ставот 3 имаме испитување на јавното мислење може да се врши и на самиот ден на изборите, а резултатите да бидат објавени најрано непосредно по затворањето на гласачкото место. Ако ние веќе имаме изборен молк 24 часа пред денот на одржување на изборите и на самиот ден на одржување на изборите, ако со другите одредби од законот за избор на пратеници децидно се утврдува дека претседателот, дека членовите на изборната комисија и претставниците не смеат да носат партиски обележја, зошто тогаш се дозволува испитувањето на јавното мислење да може да се врши и на самкот ден на

изборите. Ќе сугерирам само дека ваквото испитување може од искуство да се злоупотреби во фаворизирање  на определен кандидат и може барем според мене сметам дека претставува прекршување на еден вид на прекршување на изборниот молк.

Сега еден од поинтересните членови кои успеав да го пронајдам во овој предлог за изменување и дополнување е членот 42 од предлогот, односно членот 39 кој се менува и гласи: Изборната комисија ќе донесе решение за поништување на изборот на членови на Советот, односно за градоначалник ако со правосилна пресуда се утврди дека во текот на изборната кампања нивните предлагачи користеле средства стекнати од извршени кривични дела. Значи, изборната комисија ќе донесе решение за поништување на изборот. За колегите кои го проучиле добро, ќе се сложат дека зад овој член има длабока позадина и секако дека ќе предизвика сериозни проблеми во неговата примена, посебно во делот на прво, времето кога ќе се утврди со правосилна пресуда дека во текот на изборната кампања предлагачите на кандидатот, веќе избраниот градоначалник, или избраните членови на Советот користеле средства стекнати со извршување на кривично дело. И, второ, во однос на градот, како град согласно новата територијална поделба каде евентуално ќе се случи таквонешто и импликациите што ќе следат потоа. Првата дилема во однос на времето ќе ја посочам вака. Што доколку ова се случи по две години од денот кога градоначалникот, или членовите на Советот се избрани од граѓаните. Сио оглед на ажурноста на нашето судство после две години се утврди дека градоначалникот, или членовите на Советот биле финансирани од пари стекнати со извршување на кривично дело. Ако ги земеме другите одредби, незнам дали се вонредни, дали се предвремени, или некакви други избори, тие ќе се спроведат, рековме ако има помалку од  6 месеци до редовните избори, нема да се спроведат ако има помалку од шест месеци. Сега, зборуваме за на средина на мандатот и на градоначалникот и на Советот.

Втората дилема во однос на градот, еве како пример ќе го посочам Скопје. Што ако после две години од изборот на градоначалник на Градот Скопје се утврди дека тој станал градоначалник со средства стекнати од извршени кривични дела. Повторо финансиски средства за избори, а за спроведувањето на надлежностите согласно децентрализацијата мислам дека не треба ни да зборуваме. Тие ќе претрпат најмногу. Дали не треба да се размисли почитуван министре во однос на вака понуденото решение.

Сега доаѓаме до оној најважниот член за кој сите колеги претходно дискутираа, тоа е членот 52 или членот 55 кој се менува од основниот закон. Фамозниот цензус од 30%, повторно ќе потсетам дека министерот само технички ни го соопшти дека цензусот за избор на градоначалник ќе биде намален и тој ќе изнесува 30% без да се потруди барем малку да ни објасни кои се мотивите да се предложи токму ова решение од 30%. Она на што се сеќавам дека министерот го спомна во неговото експозе беше дека овој цензус се предлага за да наесен ние имаме фер и демократски избори.

Дали тоа не значи дека изборите до сега беа недемократски и фер, посебно да ги споменам неодамна одржаните претседателски избори. Нелогичноста и неодржливоста на ова решение , предложено решение во овој момент за Република Македонија , ќе се потрудам да го елаборирам. Пратениците , сите ние, учествувавме во дебатата за пакетот закони за децентрализација, каде на новите градоначалници и на новите членови на Советот им се дерогира скоро половина од надлежностите што ги има сегашната извршна власт. Штом на градоначалник или на членови на Советот им се дава толку големо овластување со овој пакет за децентрализација, тогаш неможам да разберам зошто цензусот од 50% е намален на 30%, што значи дека или излегува дека за нивниот избор е важно замо да гласаат 30% од населението кое живее во таа општина, кога се знае или кога тој ист градоначалник и истите членови на Советот за да бидат избрани и да им се даде доверба дека успешно ќе ја спроведат децентрализацијата во таа општина, сепак, ќе се сложите дека треба да бидат избрани со поширока подршка од граѓаните. Ние наместо тоа , ја држиме линијата на помал отпор и велиме неможеме да ги убедиме граѓаните да излезат да гласаат, дајте сега ќе го намалиме цензусот најбезболно од 30%. Сметам дека овој цензус е избрзана работа во услови кога допрва ние почнуваме за прв пат со децентрализација кај локалната власт и таа добива многу, многу повеќе ингеренции.

Кога веќе се предлага намалување на цензусот, а истовремено се зголемуваат ингеренциите на локалните моќници односно на локалната власт, тогаш барем во овој закон требало да бидат предвидени или да бидат предложени одредби за случаите кога тие локални моќници и локалната власт , таа што ни е дадена од граѓаните, да може и да им се одземе кога не си ја вршат работата така како што треба. И тоа не е предложено во овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за локални избори.

Посебно прашање е зошто токму 13% односно зошто толку големо намалување од 50 на 30%. Ако навистина се сакало и да се задржи нивото на потребниот легитимитет што треба да го добијат градоначалниците и членовите на Советот тогаш не требало да се размислува на толку драстично намалување на цензусот. Можеби кај актуелната власт постои страв од анализите кои беа направени после претседателските избори во однос на бројот на излезените гласачи, па оваа бројка од 30% можеби е и реалниот број на излезени гласачи и како параметар Министерството за правда го зема за намалување цензусот од 50 на 30%. Затоа, сметам дека е апсолутно неприфатливо во предвечерието на овие локални избори кога ќе го започнеме експериментот децентрализација на власта одржано на локално ниво, ние да експериментираме истовремено и со намалување на цензусот на 30%.

Во однос на решението на Министерството за правда во членот 18 односно членот 15-а, во предложената листа на кандидати за членови на Советот на општината и на Градот Скопје секој пол ќе биде застапен со најмалку 30% ,тоа е можеби единственото решение со кое се сложувам од предложениот закон. Сметав дека ова решение е позитивно, иако е потребно,

Според мене да се овозможи поголемо ангажирање на припадниците на половите, на едниот од половите, кога веќе сме во духот на Европското законодавство да продолжиме во тој стил, каде ќе се оценува учеството на жените во политиката е од круцијално значење за социо-политичкиот живот во државите, посебно во сверата на локалната самоуправа, како непосреден облик за остварување на граѓанските права и интереси. Затоа, ќе го подржам и амандманот кој е поднесен од група пратеници токму од причина да се спречи маргинализацијата на еден од двата пола со нивно вклучување исклучиво во долниот дел од предложените листи на членови на Советот.

За крај, иако Министерството за правда во овој Предлог на закон има препишано доста членови од Законот за избор на пратеници, како што кажа и самиот министер, во иднина ќе биде подготвен и изборен законик од сите изборни процеси, генерално сметам дека овој закон има одредби кои не кореспондираат со фактичката состојба и со одредби со кои ние пак ќе треба да ја експериментираме и да видиме дали се применливи, што секако ниту ќе ни биде прв пат, а најмалку ќе ни биде последен пат. Затоа, јас ќе гласам против ваквиот предложен закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Којзеклиска.

Повелете министре имате збор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе,

Јас се јавувам за збор затоа што чувствувам дека ќе има доста пратеници кои ќе се јавуваат само со цел дообјаснување на одредени , кои или не им се јасни на пратениците или пак недоволно го читале текстот на законот и го компарирале со Законот за локална самоуправа и Законот за парламентарни избори.

Прво, би сакал да нагласам дека нема да се впуштам во квалификации дали излагањата се суви или масни, тоа оставам пратениците и јавноста нека цени. Би Почнал од последната забелешка по однос на цензусот. Ме праша пратеничката и кажа дека не сум бил доволно јасен по однос на тоа односно Владата што сака да постигне со оваа одредба. Зошто тој цензус се предлага да се намали од 50 на 51 а под услов да има излезеност од 1/3. Три се клучни моменти или факти поради кои Владата предлага во Република Македонија  за локалните избори да има вакво решение.

Прво, факт е дека согласно нашиот Устав и нашето законодавство иборите се слободни. Значи немаме задолжително односно немаме задолжителна излезеност на граѓаните, за да го искористат тоа нивно уставно загарантирано право, за разлика од одредени држави кон кои тежиме да се зачленуваме.

Второ, интенција е на сите држави на ЕУ , па и пошироко ако сакате г_ѓо пратеник, изборите да се побрзи и да завршуваат уште на прв круг, а не да се одолговлечуваат. Ја на моето излагање што го имав по повод потребата од донесување на законот и двете овие работи ги нагласив. Компаративно гледано ние сме ретка од државите , уште еднаш повторувам кои имаме висок цензус за избор, а од друга страна немаме задолжителна обврска на граѓаните да излегуваат на гласање.

Третиот клучен момент зошто одиме на ова, предлагаме вакво решение е тоа што сакаме наови еизбори , а и во наредните да им овозможиме  на тие што ќе бидат избрани уште во првиот круг од граѓаните да можат органите да ги конституираат што побрзо. Значи, изборните постапки да не ни траат со месеци , па и со години. Незнам што друго би кажал од ова образложение кога и тоа како овие

три сегменти или елементи се битни и потребни на Република Македонија за изборите да завршуват во еден круг, а да не зборувам за економичност итн.

Пратеникот директно ме праша зошто во Законот има одредби и по однос на вонредни избори и по однос на предвремени избори. Еве, користам прилика да информирам дека има огромна разлика помеѓу овие два термина по однос на тоа како Законот односно што подражбираат овие поими во овој Закон. Тие се разликуваат како ден и ноќ. Ако не успеаала пратеничката да ги разликува, јас еве ќе бидам добар и ќе и образложам . Кога во законот се зборува за вонредни избори, се мисли за локални избори на целата територија на Република Македонија . Значи, на сите општини и Градот Скопје кога може да се случи таква ситуација во Република Македонија , тогаш кога имаме нова територијална поделба, значи, тоа оди по сила на закон, или нова територијална поделба или по сила на закон им престанува мандатот или се организираат нови вонредни избори , а не редовни избори во државата. Тоа е исклучиво право на Собранието на Република Македонија , затоа што по сила на закон се организираат такви вонредни избори. Зборот предвремени во овој закон подразбира организирање на избори поединечно во различни општини. Зошто се предлага ова решение, затоа што паралелно со Законот за локални избори и другите закони кои се однесуваат на Локалната самоуправа, постои и еден системски закон во оваа држава кој се вика Закон за локална самоуправа и кој се носи со 2/3 од гласовите на пратениците. Во тој Закон во неколку члена , можат и членовите да и ги најдам на пратеничката, за да може полесно да се снајде , за да ги компарира и кога ќе се јави за збор ќе знае точно што зборува. Тоа се три члена. Едниот е член 74, другиот член е 75. Што содржат тие членови? Ако по сила на закон им престанува мандатот на градоначалниците, на пример, оставка, смрт, итн. нека ги прочита овие членови, сигурно ќе се снајде и нема да ме прашува повторно.

По однос на одредбата за јазиците, би сакал само тука да нагласам дека членот што беше цитиран гласи вака: “во Градот Скопје како посебна единица на Локалната самоуправа за избор на членови на Советот и градоначалник на Градот Скопје ако неможе да се примени став 12 од овој член, во гласачкото ливче името на подносителот на листата, името и презимето на носителот на листата, како и името и презимето на кандидатот за градоначалник се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие припаѓаат”. Ова е стандард веќе востановен и со Законот за избор на пратеници и со Законот за избор на претседател на Република Македонија . Минатиот пат односно минатата седница објаснив дека вака установениот стандард кој со општ консензус е

прифатен од сите политички партии уште во 2002 година, добро односно одлично функционира во пракса. Од тој стандард кој добро функционира ние немаме намера да се повлечеме, за да ги комплицираме работите, а се работи за и тоа како чувствително прашање - употребата на јазиците. Сакаме или не сакаме имаме нова уставна уреденост и нови одредби во Уставот по однос на службеници јазици во Република Македонија . Тоа ви е јасно, знам, меѓутоа, незнам  кои ви се мотивите за покренување на вакви прашања кога се знае дека 2002 година Законот за избор на пратеници беше донесен со општ консензус прифатен од сите политички партии, а и од политичката партија на која вие и припаѓате.

По однос  на тоа дека се препишани еден голем број на одредби од Законот за избор на пратеници, тоа е точно. Целата техника по однос на спроведување на изборите е препишана затоа што тој закон ни е столбот засега, како што ни се уредени прашањата на изборите во Република Македонија , тој закон ни е столбот по однос на тоа што значи спроведување на изборите во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине министре.

Г-ѓа Којзеклиска има реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Мислам дека министерот секогаш длабоко се чувствува повреден и секогаш наоѓа забелешки на пратениците. Мислам претседателе, конечно да го опомените министерот. За разлика од него , не е во членот 74, туку е во членот 54, почитуван министре, каде се вели кога посочивте престанокот на мандатот на градоначалникот, смрт, оставка итн. Така што, немојте да давате пред јавноста дека секогаш виел се знаете.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, како контра реплика една минута.

Повелете.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Членот 74 и членот 75 ќе го прочитам заради јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само кажете од кој закон?

ИЏЕТ МЕМЕТИ:Л

Од Законот за локална самоуправа.

“Услови за распуштање на советот

Советот се распушта ако повторно го донесе прописот што претходно бил поништен или укинат со Одлука на Уставниот суд на Македонија.”

Во тој случај, нема да го прочитам целиот, во тој случај ќе се организираат предвремени локални избори.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинто Аднан Јашари, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

(Пратеникот Којзеклиска бара збор за реплика).

Немате право, ова беше контра реплика, а вие имавте реплика.

Повелете господине Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Сите знаеме дека Законот за локални избори е усвоен 1996 година и врз основа на тој Закон се одржаа локалните избори 1996 година и 2000 година.

Во согласност со овие одредби во согласност со овој Закон се предвидуваат услови за избор на советници на општините, како и услови за избор на градоначалници. Во согласност со одредбите на овој Закон, како што знаеме сите, изборот на советници се прави според пропорционалниот систем, додека пак градоначалниците се избираат според мнозинскиот систем. Значи, добро познати два системи во изборниот систем.

Сепак, анализирајќи го предлогот понуден од Министерството за правда, дојдов до констатација дека двете се главни причини зошто се предлагаат овие измени и дополнувања на овој закон што ние го нарекуваме Закон за локални избори.

Прво, со тоа се прави импелементација на уставните одредби во однос на користењето на јазикот, употребата на јазикот;

Второ, тоа што можеби јас сум го воочил, тоа се измените што се предвидени во однос на измените за изборот на градоначалниците.

Ќе почнам со втората причина, односно со измените што се предвидени во начинот на изборот на градоначалниците.

Во согласност со тоа што е предвидено во сегашниот Закон што е на сила, се смета дека изборот на кандидатите за градоначалници во првиот изборен круг, значи градонаалникот ќе се смета за избран доколку кандидатот во првиот изборен круг добил мнозинство на гласови од вкупниот број на гласачите од избирачкиот список. Додека, според понудените измени има една измена што би рекол дека е на место, затоа што сега, со предлогот се бара барем најмалку 1/3 од гласачите да гласаат од вкупниот број на гласачите за еден кандидат предложен и ќе се смета за избран, што мислам дека оваа измена ќе влијае врз тоа да имаме коректни избори, а исто така ќе влијае, преку овие избори уште во првиот изборен круг да имаме веќе избран кандидат за градоначалник.

Тоа што можеби ми остави најмногу впечаток е имплементацијата на амандманот 5 што директно е поврзан со употребата на јазикот, односно на службените јазици, како од аспект на начинот на изборот, така и од аспект на прашањата во врска со употребата на јазиците во рамките на изборните комисии.

Ќе почнам со членот 13, односно со предложените измени во членот 13, каде се предвидува обрасците на записниците во оние единици на локалната самоуправа каде што најмалку 20% од населението зборува друг јазик, според сегашните измени се дозволува употреба на јазикот на таа заедница односно заедница што претставува над 20% во една единица на локалната самоуправа.

Друга измена се предвидува во членот 16, параграф 5, каде се предвидува можност во работата на изборните комисии, општинските, се разбира во локалните единици каде најмалку 20% од населението зборува друг јазик, другиот официјален јазик, да можат да го употребат својот јазик и писмое.

Друга измена од овој аспект е предвидена во членот 17-а каде се предвидува можност носителот на листата на кандидатите за членови на советници, на изборните совети, како и за градоначалници, значи за советници и градоначалници во локалната единица каде најмалку 20% од граѓаните зборува друг јазик, различен од македонскиот јазик, може оваа листа на кандидати за градоначалник да се врши

само на службениот јазик што го употребуваат граѓаните во таа единица на локалната самоуправа, што исто така претставува напредок.

Друга измена во однос на употреба на јазикот е предвидена во членот 26 каде е предвидена можност во единицата на локалната самоуправа каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот  јазик, доставувањето на листата на кандидатите, односно листата на кандидатите за градоначалник се врши покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо, се разбира, што го употребуваат граѓаните кои се над 20% во таа единица на локалната самоуправа.

Друга измена се предвидува во однос на јавните повици, плакатите на кои се прави информирањето на граѓаните. Тука се предвидува можност, во единиците на локалната самоуправа каде најмалку 20% говорат друг службен јазик различен од македонскиот јазик, да може овие повици, освен на македонски јазик, да се прават и на јазикот на оние граѓани кои во таа единица на локалната самоуправа се над 20%.

Мислам дека ова се неколкуте измени со што се унапредува статусот на употребата на јазиците, општо. Посебно би истакнал на двата службени јазици.

Во однос на измените што се предвидени во членот 46, каде се говори за избирачките ливчиња, посебно во оние единици на локалната самоуправа каде најмалку 20% говорат друг јазик различен од македонскиот јазик, избирачките ливчиња да се печатат освен на македонски јазик и на јазикот и писмото на таа друга заедница што претставува над 20% од населението.

Тоа што би рекол дека е новитет  е членот 46, алинеја 4, каде што се предвидува можност, на подрачјето на Градот Скопје да се користи и јазикот на таа заедница која е помалку од 20%, што би рекол дека е навистина една новина, што значајно го унапредува правото на користење на јазиците што се помалку од 20%.

Ова се, на кратко, измените што се предвидени во однос на јазиците.

Во рамките на овој предлог се предвидени и измени во однос на бројот на подносителите, односно независните кандидати предложени за градоначалници, во согласност со сегашните измени, како потребен определен број на потписи. Односно, сега веќе не се бараат 100 потписи, како што е во актуелниот Зако, туку бројот на потписите ќе зависи директно од бројот на граѓаните, односно на гласачите во соодветната единица на локалната самоуправа.

Со тоа би завршил и ви благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски, а нека се подготви пратеникот Драго Шајновски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал да го дадам своето видување во врска со овој закон, Законот за локални избори.

Со оглед на тоа што оваа година не очекуваат третите по ред локални избори во Република Македонија, несомнено е дека овој закон побудува големо внимание. Вниманието е позначајно и од аспект на тоа што од 2005 година, значи со новиот пакет на закони за децентрализација, ингеренциите на локалната самоуправа се зголемени. Така што многу е значајно да ние избереме, да направиме правна регулатива што навистина ќе овозможи избор на најсоодветни личности за градоначалници и советници во советите на општините, кои би требале да ја претставуваат општината во четиригодишниот мандат што следува после овие избори.

Поради тоа сметав дека овој закон би требало да биде донесен малку потранспарентно, со консултација и на опозицијата и на стручните кадри, институции кои се бават или се во допирни точки со оваа проблематика, како што реков, се со цел да се донесе овој закон, поквалитетен, со оглед на значењето на овие функции што треба да ги имаат членовите со децентрализацијата.

Начинот на кој што е донесен овој закон воопшто не е транспарентен. Само би сакал да потсетам дека во пресрет на вторите локални избори во 2000 година, кога на власт беше ВМРО-ДПМНЕ, во Собранието на Република Македонија имаше доставено предлог од тогашната Влада за измени и дополнување на Законот за локални избори. Меѓутоа, поради жестокото противење на опозицијата сметаше дека не е консултирана за тој закон пред да дојде во собраниска процедура, а ние знаеме што значи да се донесе закон, да се достави закон во Собранието од страна на Владата, во тој случај опозицијата и тогаш и сега мислам дека имаа многу малку влијание или можност да влијае на измени на тој закон, особено не суштинските измени. Поради тоа ќе испадне дека се донесува закон што одговара само на позицијата.

Тогаш, во 2000 година, тогашната позиција, значи ВМРО-ДПМНЕ, Владата на ВМРО -ДПМНЕ, имајќи слух и разбирање за тогашната опозиција, сегашна позиција СДСМ го повлече законот од собраниска процедура и изборите ги спроведе согласно на законот од 1996 година, закон што се спроведе 1996 година, значи првите локални избори. Со тоа сакаше да го тргне секој, евентуален сомнеж дека локалните избори, од аспект на законската регулатива, тогашната власт ќе се обиде да изманипулира на изборите или да ги фалсификува или не знам што да направи.

Меѓутоа, еве, историјата се повторува. Сега СДСМ е на власт, мислам Владата што ја поддржува. Она за што се бунеа, тоа што им се прифати, сега тие тоа го прават на опозицијата. Имено, се предлага закон во Собранието на Република Македонија директно без никаква консултација на опозицијата.

Сметам дека не е добро, бидејќи ќе фрли сомневање на локалните избори што ќе треба да се одржат на есен, како што, пак ќе повторам се многу значајни за Република Македонија, со оглед на зголемените ингеренции што ќе ги има и градоначалникот и Советот и во целина како единица на локалната самоуправа.

Се надевам дека може нешто да се исправи со тоа што ќе бидат прифатени 18-те амандмани што ги предлага опозицијата. Барем во тој дел да се има слух од страна на предлагачот, се со цел да ги доближиме нашите размислувања и овој закон да го донесеме со консензус.

Овој закон е усогласен, Законот за локални избори, во почетокот на 2003 година е усогласен со Законот за избор на пратеници, чија последна измена беше донесена 2002 година, пред парламентарните избори, поради системските промени, кога се воведоа потпишувањата, спрејовите и сл. Тоа се направи во јануари 2003 година поради вонредните локални избори во неколку единици на локална самоуправа. Сметавме дека тогаш е тоа веќе завршено. Меѓутоа, еве сега, повторно се нудат измени на овој Закон за локални избори во кои што се суштински неколку измени што ние како пратеници од опозицијата ги кажуваме нашите видувања и нашите несогласувања.

Пак ќе повторам, доколку сакаме да чекориме кон Европа, се стремиме да чекориме, го кажуваме нашиот став, нашата желба, определба, меѓутоа начинот на кој што ги донесуваме овие закони испаѓа дека работиме балкански, а имаме желба да стигнеме во Европа.

Значи, поентата е дека овие закони би требало пред доаѓање на пленарна седница или пред доаѓање во Собранието веќе да имаат некоја поширока расправа,

особено за закони што навистина имаат допирна точка со најширокиот слој на граѓани. Значи скоро со сите избирачи во Република Македонија. Сите тие сакаат да знаат како нивното избирачко право ќе биде регулирано со овој Закон за локални избори. Меѓутоа, власта си е власт, нозинството е мнозинство. За жал, тоа ја употребува својата “сила” на мнозинството за да може да го донесе било кој закон што ќе смета дека на нив ќе одговара.

Тоа беше општо, околу донесувањето на овој закон.

Инаку конкретно, моите забелешки во врска со овој закон се неколку. Во една од тие, односно во начелата се вели дека овој закон се усогласува со Законот за избор на пратеници. Од една страна значи декларативно, а од друга страна во овој закон се предлага претседателите на избирачките одбори да ги именува претседателот на општинската изборна комисија. До сега не беше таков слуајот. До сега случајот беше општинската изборна комисија, не таксативно претседателот, туку општинската изборна комисија ги именува претседателите на избирачките места, бидејќи претседателот и заменик претседателот, зборуваме, се непартиски. Другите членови се партиски луѓе што се предлагаат од подносителите на листи, така што само претседателот и заменик претседателот, според Законот, би требале да бидат непартиски.

Во овој случај, со оглед на тоа што доаѓаме пред нови локални избори, на кои што ќе имаме нови општински изборни комисии, значи именување на претседатели на општински изборни комисии, тоа сигурно мнозинството, власта, повторно, со силата на власт, со силата на мнозинството, повторно ќе си именува претседатели на општински изборни комисии, кои ним им одговараат, а тие, нормално ќе си именуваат претседатели на избирачки места што се блиски до власта, а според Законот за локални избори ги знаеме ингеренциите на претседателот на избирачкото место. Знаеме дека тие се големи. Можат многу, многу да влијаат на резултатите при гласањето на денот на гласањето.

Според тоа сметаме дека со тоа се сака на еден скриен начин, да не речам перфиден, во законската регулатива да се овозможи тотална партизација на избирачките одбори. Сметам дека тоа е едно од најопасните решенија што се нуди во овој закон, бидејки до колку претседателот и заменик претседателот се блиски на актуелната власт, во тојслучај ние незнам што би барале на овие локални избори, не ние туку било кој не е власт туку е опозиција, а има предложено своикандидати за градоначалници или советници на општини. Според тоа ние имаме прелдожено амандман. Сметам дека предлагачот ќе најде разбирање и ќе го прифати нашиот

амандман со кој именувањето на претседателите на избирачките одбори ќе ги врши општинската изборна комисија, а не претседателотна општинската изборна комисија, бидејки сметам дека тоа е едно од најзначајните.

Исто така наша забелешка е и тоа што се скратува, и сега со амандман, иако предлагачот ќе рече не е во предлогот на законот, изборната кампања од 30 на 20 дена. Меѓутоа ние од 15 септември наваму научивме, за жал едно горко искуство имаме како опозиција, се она што е суштинско во некој закон, не го предлага предлагачот, туку ќе најдат неколку пратеници од позицијата, ќе го предложат како амандман и експресно ќе се прифати од страна на предлагачот и станува составен дел од законот. Да не кажувам дека Репбуличкиот судски совет на тој начин , суштината на законот беше амандманот со кој во РСС се влијаеше за да можат да бидат распуштени или да им престане мандатот, врз основа на тој амандман, на сите членови на РСС. Сметам дека и овде е истиот начин. Значи предлагачот немајки сила сам да го предложи, наоѓа неколку пратеници од позицијата кои тоа го прават. Сметам дека тоа нее добро , бидејки на тој начин, со оглед на зголемените ингиренции на локалната самоуправа, мало е времето , особено сега за овие избори. Можеби за следните локални избори, кога граѓаните во РМ ќе знаат што значат новите ингиренции на единиците на локалната самоуправа, после четиригодишно практицирање. Меѓутоа, сега во овие први избори, со новите ингиренции, да речам, би требало да се овозможи на градоначалниците кои се кандидираат и на советите, да можат да ги образлагаат своите програми и своите ингиренции. Поради тоа ние предлагаме овие 30 дена да останат барем уште за овие избори. Инаку ја разбираме интенцијата дека треба да тежиме кон побрзи избори, избори кои пократко ќе траjат исл. Меѓутоа сепак кај нас не е исто како и на Запад. Таму законите во оваа сфера се многу одамна донесени и имаат само одредени измени кои претставуваат одредено “шминкање” на тие закони што во суштина не влијаат , немаат суштинска измена во овие закони. Особено исто така е значајно да биде подолг рокот, јас зборувам како жител на една од Скопскит еопштини , тоа е Гази Баба, со оглед на тоа што на овие избори , што се локални, имаме градоначалник и советничка листа на една Скопска општина и имаме градоначалник и советничка листа на Градот Скопје. Значи ќе имаме 4 листи, ќе има во најмала рака 4 субјекти што ќе се претставуваат и сигурно дека е потребно поголемо време овие кандидати да им се претстават на граѓаните, а плус тоа ако го земеме и тоа што го кажав зголемените ингеренции на единиците на локалната самоуправа, јасно зборува дека периодот од 30 дена навистина е потребен за овие

локални избори. Можеби за следните не, меѓутоа пак ќе напоменам, со оглед на тоа што тука е и Градот Скопје, тој претставува повеќе од една четвртина од жителите во РМ , сигурно ќе треба предлагачот да размисли и по оваа наша сугестија, на овие избори да останат овие 30 дена како време на претставување на кандидатите и на советите на локалната самоуправа.

Како следна забелешка што ние сакаме да ја искажеме, јас ќе се повторам со некои од моите колеги, меѓутоа со оглед на тоа што гледам дека предлагачот со претходното свое јавување се обиде да ме убеди дека е тоа исправно, а се работи за цензусот од една третина. Имено тој е предложен во член 52 од законот за измени и дополнување на Законот за локални избори, или со тоа го менува член 55 од постојниот Закон што од сега со измените вели “во првиот круг од гласање за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, до колку на изборите излегле една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од избирачкиот список за соодветната општина”. Пак ќе напоменам дека ние не се согласуваме овој цензус да се смали на една третина, во случајот на овој член, бидејки сметаме дека на овој начин ќе може да се направат и одредени манипулации во изборите. Имено ова не е Европа. Ние знаеме како ни минуваат изборите, какви беа и последните избори на кои што имаше и оружје и притисоци. На овој начин може да се случи одреден број на луѓе, одреден аполитичка партија, особено власата, независно што сега на власт е СДСМ, до колку обезбеди една третина, на останатите може да прави притисок да не излегуваат на гласање, знаејки дека се против власта, или прејудицирајки дека се против власта. На тој начин ќе дојде една нова форма, на притисок на избирачите во РМ. Сега ние наместо да се стремиме да излезат Што поголем број избирачи и избраниот градоначалник да добие поголем легитимитет, или советот на општината, ние сега го смалуваме цензусот и како што прочитавме во одредени весници, ќе испадне дке ание сега си бираме некој маалски градоначалник, или маалски совет, со оглед на тоа што една третина од општина може да претставува и едно маало во поголемите општини. Поради тоа ние сакаме да укажеме дека треба да остане цензусот од 50% и не треба да се плашиме. Според нас најверојатно предлогот не е поради тоа што кажа министерот, трите причини кои ги наведе поради кои овој предлог е даден. Имено , според првата изборите се слободни, значи нема задолжителна излезеност, тоа е јасно, интенцијата изборите да бидат побрзи уште од првиот круг. Ние сме земја со висок цензус од 50%. Тоа е точно, меѓутоа сето тоа одговара на нашата состојба. Ако со некого се споредуваме, треба да се споредуваме со слични на нас.

Ние многу често се поредуваме со Германија, со Франција , со ЕУ, а живееме во дијаметрално спротивни сулови. Сега ние бараме да имаме цензус од една третина, во случај ког акај нас економската состојба е катастрофална. Можеби тоа е главната причина што се предлага овој цензус на 1/3.

На последните избори мака се мачеше да се добие цензус од 50% и најголемото стравување на власта е дека на овие локални избори можеби нема да испаднат толку гласачи колку што е потребно за цензусот и заради тоа тој цензус сега се намалува.

Ќе спомнам тука, како што спомнаа и моите колеги, исто така многу значаен аргумент за овој цензус да не биде  1/3, туку да остане 50%, исто како во претходната забелешка, за времето на кампањата и тука е , зголеменети ингеренции на единиците на локалната самоуправа. Поради тие зголемени ингеренции сметаме дкеа треба тој градоначалник или тој совет на единиците на локалната самоуправа да биде избран од што поголем број на гласачи во соодветната единица на локална самоуправа, да добие што поголем легитимитет, бидјеки навистина се работи за многу поголеми ингиренции отколку што ги имало  досега.

Исто така во еден од членвоите во Предлогот на законот за измени и дополни на Законот за локални избори се вели “ доколку неправилноста што е констатирана на некое избирачко место, не влијае на резултатите, да не се прегласува”. Сметам дека и тука е една можност за манипулација на локалните избори. Би требало ние како законодавен дом до колку држиме до спроведувањето на законите, секоја неправилност која е констатирана, во сит еинстанци, општинска изборна комисија, Апелационен суд, Врховен суд, би требало да настане прегласување, независно дали влијае илине влијае на резултатите. Само би посочил еден од нашите аргументи дека можеби има многу неправилности што поединечно секоја од нив можеби не влијае, меѓутоа сите заедно собрани можеби влијаат на резултатите, дали некој ќе биде или нема да бид еизбран за градоначалник или за совет на општината, а особено, ќе потенцирам, бидејки советниците ние ги бираме според бројот на гласовите. Значи не е како градоначалници, кога ќе се знае, плус минус еден глас, ќе биде или нема да биде. Во советничките листи плус или минус еден глас му го зголемува процентот во табелата според која се брои колку советници ќе има. Така што секој глас си има влијани и тоа дирекно влијание на секоја од листите на советници. Според тоа сметам дека овој  член во Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за локални избори, не треба да стои.

Исто така се почест е случајот на присуство на невладините организации, фондации и слично, како набљудувачи на изборите. Тоа испаѓа некако како помодарство, од Западот, еве ние колку сме отворени, па сега секој што ќе направи некоја фондација и изрази желба да набљудува еве нека дојде и нека набљудува. И тоа е во ред. Меѓутоа од последните избори, особено и од претпоследните избори, парламентарни, со оглед на тоа што сегашната власт е многу вична во создавањето и блискоста со многу невалдини организации, сметаме дека преку тие невладини организации се врши влијание во изборниот процес и влиае на резултатите во изборите. Поради тоа ние имаме дадено и амандман. Ние не сме да нема невладини организации кои ќе ги набљудуваат изборите, меѓутоа мора тие , нивните ингиренции и нивните овластувања, нивниот начин на кој тие ќе ги набљудуваат изборите да биде децидно искажан. Значи на нив треба да им се оневозможи на било каков начин да влијаат пропагандно на било која политичка партија, на резултатите од овие избори.

Исто така сметам дека во овој закон би требало да се размисли како да се заштитат одредени избирачки места бидејки до сега немаме видено одредени избирачки места,  статистички гледано во мнгоу избори, кај нив на тие избирачки места се случуваа неправилности, насилства и слично. Значи ако во сите претходни избори се случувало насилство, мора ние со некој законски акт, на некој начин во законот да го оневозможиме тоа, понатаму на тоа избирачко место перманентно да не се случуваат неправилнсоти. ИмаШе такво случај и во Гази Баба каде на последните избори набљудувачите беа избркани од избирачко место. Тоа се случувао и на претходнит еизбори и на пред тие. Значи треба ние да смислиме некој начин,некој механизам, некоја можност на овие избирачки места понатаму да се оневозможи да се случуваат вакви неправилности.

Поради се тоа искажано ние како пратеничка група, до колку не бидат прифатени нашите амандмани со кои сакаме да го подобриме овој текст на законот за локални избори, нема да го прифатимеовој закон, значи ќе гласаме против. Меѓутоа се надевам дека предлагачот ќе анјде сили амандмнаите на опозицијата да бидат прифатени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановкси.

Три минути реплика за г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Би сакал да му реплицирам и воедно да му одговорам на г-динот Трајановкси бидејки изнесува некои некоректниобвинувања во врска со намалувањето на цензусот за одзив , во овој закон за  локални избори. Имено беше анведено дека власта се плаши од високиот цензус заради евентуален неуспех на изборите. Мислам дека опозицијата сака, надевајки се на слаб одзив на изборите, да ги прикрие евентуално своите лоши резултати и неуспехот на изборите. Мислам дека тоа е правата вистина, а не се работи за нешто нелегитимно и недемократски, бидејки на изборите сите очеквуаат и се борат за што поголем број на гласови и сосема легитимно и демократски е, оној што ќе добие поголем број на гласови и да се победи. Така што на друг начин, всушност ќе се стимулира излезноста и одзивот, бидејки сите ќе се борат за подобар резултат на изборите. Вашите обвинувања се сосема неточни. Тоа се покажа на претседателските избори бидјеки опозицијата дирекно работеше на тоа одзивот да биде лош, да биде слаб и изборите да не успеат, а токму тоа е недемократски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајановски имате една минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Повторно г-динот Кондарко во неговиот стил, ама за среќа тоа не е Комисија за избори и именување, не може да ми го земе мандатот, не може кривична пријава, може тоа да поднесе, не му брани никој. Во тоа мислам е на прво место.

Јас само ги кажав можните работи што може да се случат, по теоријата на веројатност.

Инаку дали опозицијата работела или не работела, сметам дека бројот на освоените гласови не значи дека работела. Напротив. Меѓутоа тоа се неговите обвинувања. Јас не скам да ги коментирам  какви биле. Сакам само уште еднаш да кажам, со оглед на катастрофално  лошата економска состојба во РМ која до есен ќе колуминира многу повеќе, сметам дека на овие локални избори главниот мотив за смалување на цензусот е токму тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате реплика г-дине Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Сакам да му реплицирам на претходниот говорник, посебно во делот каде спомнува дека во делот на изготвувањето на овој закон не достигала транспарентноста и консултациите со политичките партии, посебно со партиите од опозицијата.

Јас сакам да му кажам на говорникт и да и кажам на јавноста дека министерот за правда пред да го предложи овој закон организираше една средба со сите политички партии од позицијата и опозицијата. Токму тука учествуваа ДУИ, Либералната партија, СДСМ, Демократската национална партија и ПДП, деодека ВМРО-ДПМНЕ не учествуваше на тој состанок. Токму затоа сакам да го демантирам пратеникот. Транспарентноста постоеше. Поканата од минситерот ја прими и ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е еден редок случај и би рекол единствен што го организираше минситерот за правда за да се консултира со сите политички партии. Зошто вие не учествувавте на таа седница, тоа треба самите да го објасните. Најверователно не сте знаеле кој ќе ги организира предизборните активности во ВМРО-ДПМНЕ и кој ќе биде претседател на таа партија до претседателските избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само би ве молел внатрепартиските проблеми на поодделни партии да не се користат и сега ќе бидам слободен, да не се злоупотребуваат. Кој ќе биде претседател ќе си одлучи членството.

Повелете господине Коце Трајановски една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се трудам малку поблаго да му одговорам на мојот ценет колега, тој нека не се грижи кој ќе биде претседател на ВМРО-ДПМНЕ, сигурно ќе биде тој кој заслужува. Јас не би сакал да коментирам за нивните претседатели, верувајте, бидејќи има многу да се коментира, а што се однесува до средбата кај министерот, нов е пратеникот, сигурно не знае како се организираат тие средби на јавни расправи стручњаци кои се повикуваат. Ние бевме повикани во времето кога законот беше ставен во собраниска процедура, ние веќе на готов текст нема што да се усогласуваме, знаеме дека на сите усогласувања што претходно сме биле повикани дека сега ќе нема плод од таа соработка и поради тоа немаше зошто да отидеме.

Ние требаше да бидеме повикани во времето кога се правеше концептот на новиот закон за измени и дополнувања на Законот за избор на пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Би сакал да кажам мое мислење околу потребниот процент на излезени гласачи за да изборите бидат валидни.

Се нуди една третина од вкупниот број на запишани гласачи. На оваа идеја очигледно набрзина дојдовте сега по последните претседателски избори каде моравте да правите фалсификати за да достигнете над 50% излезен процент на гласачи.

За да не го преправаме законот секоја година, ви нудам уште посовршени решенија во Законот да не стои цензус, туку колку ќе излезат толку и тоа да биде валидно гласање. Бидејќи логиката на ваквото намалување на процентот на излезени гласачи води кон тоа колку ќе излезат толку да се смета дека изборите се успешни. Ако не се потрудиме да постигнеме некои економски резултати со кои ќе го принудиме народот, ќе го приволиме народот да излезе да гласа.

Што се случи на последните избори? Народот не сакаше да излезе на гласање. Покажа дека е незадоволен од власта и од својот животен стандард. Сега, наместо партиите, посебно оние кои се на власт да се потрудат да направат нешто за стандардот на сите луѓе т.е. да се замислат за нивните резултати од владеењето, тие посегнаа по наједноставната и највулгарната можност, го намалија цензусот и сметаат дека можат легитимно да владеат и со една третина излезени гласачи. Што значи тоа?

До сега на власта не и беше битно што мислат и како живеат 50% од гласачите, што може да се прифати, а сега сакаат тој процент да изнесува 70% од гласачите. Оваа најава е само доказ дека власта се подготвува за диктатура на малцинството над мнозинството.

Со овој закон на власта и се потребни само 1/3 излезени гласачи или 1/6 гласачи кои би гласале за нејзе и се е завршено. 1/6 гласачи секоја власт може да привлече само со своите вработени во администрацијата. А што мислат 400.000 невработени, што мислат сиромашните, тоа повеќе не ја интересира власта, таа само си ја олеснува својата работа.

Изборите ќе може да ги добива само со свои луѓе околу неа, за другите не мора да се интересира повеќе, па макар само пред изборите, како што беше и досега.

Како и обично ќе речете некои земји во Европа или во светот имаат ист цензус од 1/3. Да, денес, но не кога биле на степен на развој каков што е денес Македонија. Денес Европа има висок стандард на живеење за скоро сите свои граѓани. Во Европа луѓето не излегуваат на избори, бидејќи се задоволни со животот, а овде не излегуваат да ни кажат дека не се задоволни со животот. Опасен е овој предлог на власта. Власта станува уште поарогантна и понезависна од мислењето на сиромашните, невработените, незадоволните а тоа значи дека нема потреба, нема мотив да се грижи за постигнување на подобри резултати во своето работење.

Во Европа изборите се натпревар за подобрар стандард од добриот што се има пред тоа, а во Македонија изборите се сеуште гола борба за власт. Затоа народот мора да одлучува со 50% за да не излегува по улици.

Овој цензус е навреда за народот, негово непочитување, отфрлање и понижување.

Предложете закон со кој власта ќе биде принудена да мисли за развојот и за сиромаштијата и да зависи од нив. Ако народот не излезе со 50% на гласање,подобро е да се повторат изборите или да се формира некое друго тело, зависи за кои други избори зборуваме, а не да се отфрла мислењето на народот. Не може да се копира Европа туку така во се. Зошто не ја копираме Европа ако не во стандардот на живеење по чистотата. Јасно е дека неможеме ни по тоа, како што е јасно дека примената на еден ваков закон не ќе даде добри резултати за демокртијата во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Агим Џелили, реплика.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега, очигледно сте загрижени за локалните избори и сега спасот го барате кај цензусот затоа што очигледно сте заинтересирани да нема локалн избори, така како што посакувавте да нема претседателски избори, но за среќа високата свест на овој народ и оваа држава е над вас и над сите оние кои сакаат на тој начин да се бават со политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Станковска, има 3 минути реплика.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Госпоѓа Станковска, има само 3 минути реплика.

Немав намера да реплицирам, но со овие излагања на колегите од опозицијата на некој начин бев предизвикана и сакам јас да ги прашам нешто.

Дали со овој закон или било кое законско решение на граѓаните на Република Македонија им е ограничено правото да го искористат да гласаат за целта за која се определиле. Јас во законот не гледам никакво ограничување, тоа значи волјата на граѓанинот ќе биде пресудна  дали тој ќе излезе или нема да излезе на тие избори.

Дали во ова законско решение постои дека со исполнување на цензусот од 1/3 се затвораат гласачките места и со тоа тие граѓани што го искористиле правото го искористиле, а останатите граѓани ќе ја немаат таа можност.

Не можам и не сакам да разберам, овде говорите за стандард на нашите граѓани, за невработеност, а вториот круг и круговите што ќе следат во наредните избори заради повисоки цензуси создаваат нови трошоци, а со тоа не се нудат никакви решенија.

Тоа значи граѓанинот, според мене, има право, има можност и ако има желба може секогаш да ја искористи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска имате збор, а нека се подготви пратеникот Чедомир Краљевски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Пред нас имаме многу значаен закон и истовремено многу сложен закон. Морам да кажам дека не сум многу среќна што го разгледуваме во една фаза без дополнително пеглање во уште една фаза. Но, од друга страна свесна сум за притисокот што го чувствува и Владата и сите ние за да ги исполниме зацртените рокови за имплементација на Рамковниот договор, а овој закон го допира директно него, а ова сега е пак во директна корелација со напредувањето на нашата земја во процесот на евроинтеграција. Затоа работиме вака интензивно често пати со скратени рокови. Притоа по некој закон може да се случи да остане недопеглан без можност да се вклучат сите заинтересирани експерти и пошироката јавност.

Значи, го имаме пред нас Законот за измени и дополнувања на Законот за локални избори. Под притисок на роковите овој закон е на еден начин можеби недопеглано чаршавче, така да се изразам, со одредени неусогласености и

недоречености. Сега, нека ми простат колегите од Министерството за правда, знам дека имаа огромна работа, овој период работат на повеќе прашања, на судски реформи и на овие закони од сферата на децентрализација така што имам полно разбирање за овие состојби, меѓутоа, сепак да видиме дали можеме нешто да поправиме.

Веројатно поради брзината на подготовка се случиле одредени превиди. За дел се поднесени амандмани од ЗПК и тие се надминати. Има исто така амандмани од пратеници и за некои од нив се надевам дека ќе бидат прифатени за да се подобри текстот на законот.

Сакам да укажам на една грешка, според мене, која ја нема во амандманите и за која го молам министерот Мемети да обрне внимание или евентуално самиот да ја поправи преку можноста како предлагач да стори нешто во подобрување на текстот.

Се работи за членот 21 на кој амандман бил предложен од претседателот на ЗПК госпоѓа Цветанка Иванова за време на одржувањето на седницата на таа комисија кога се разгледувал овој закон, за жал, тој предлог амандман не добил мнозинство и сега го немаме како поправка на текстот.

Дозволете ми само да го цитирам членот 21, се состои во тоа што по него се додава член 17-а и зборув вака: "Подносителот на листа може да поднесе само една листа на кандидати за членови на советот како и една листа на кандидат за градоначалник.

Подносителот на листата од став 1 од овој член во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, поднесувањето на листата на кандидати односно листата на кандидат за градоначалник се врши на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа единица на локална самоуправа".

Прочитано вака како што е напишано јас го разбирам дека при поднесувањето на листи е исклучен македонскиот јазик, односно конкретно дека во градови како Тетово или Дебар листите да бидат само на некој друг јазик, а не и на македонски.

Знаејќи го ставот и поддржувајќи ја политиката на Владата сигурна сум дека предлагачот не мислел така, меѓутоа, јас го читам буквално она што е напишано и затоа според мене како што и на Комисијата се размислувало, би требало овој член да се дополни со зборовите дека поднесувањето на листите се врши на македонски јазик и писмо и на службениот јазик кој се говори во таа единица на локална самоуправа. Значи сметам дека треба да се дополни и македонскиот јазик. Јас го

молам министерот амандмански ако може да го направи членот јасен и еднозначен затоа што вака напишан може да и отвори работа на некоја друга институција која дополнително би требала да го корегира.

Постојат и други дискутабилни нешта како членот 46, што веќе беше спомнат, јас не би го елаборирала понатаму, општо би сакала да кажам една констатација. Не сме навистина толерантни и добронамерни овде во Парламентот и имаме добра волја да ги решаваме работите на најдобар начин на задоволство на сите заинтересирани страни.

Меѓутоа, сепак треба да имаме нешто на ум дека излетите надвор од уставните рамки понекогаш можат да не завлечат во некоја друга страна на која нема да и го знаеме крајот. Знаете таа толеранција и добронамерност, што би рекол Рацин: Срце шири на широко, срце длаби на длабоко, цел свет да збере и пак да е за овие гради малечко, му приоаѓаме навистина со едно отворено срце, со желба да се направи најдоброто сите да бидат задоволни, а знам дека од таму се приоѓа, меѓутоа, да не заборавиме еден преседан што може во некоја ситуација да изгледа наивен и бенигнен не води во некој друг преседан можеби во некое поле кое после тоа навистина не знаеме каде може да му биде крајот впрочем Уставот затоа е измислен да дава некоја рамка и во тие полиња да се движиме. Ова е што се однесува до ова прашање.

Понатаму би сакала да се осврнам на многубројни дискусии од опозицијата во врска со намалениот цензус за излезени гласачи. Јас не би се согласила со колегите од опозицијата, напротив, сметам дека е добро, сметам дека на тој начин изборите ќе се направат попрактични, полесно изводливи и дури ќе имаат позитивно влијание и врз демократската свест во земјата затоа што знаете кога е намален цензусот, јас мислам дека тоа може дури да ги стимулира граѓаните да излезат посебно може да ги стимулира граѓаните кои во некоја средина се наоѓаат во малцинство, така што на овој начин мислам дека не само што нема да има превласт на некое мнозинство дали е позиција или било кој, туку напротив мислам дека ќе делува стимулативно за нашите услови, а од друга страна тоа на некој начин не го оспорува правото на било кој да излезе. Можат да излезат и 100%, тоа со законот на ниеден начин не е забрането. Освен тоа влегуваме во група земји кои ќе го применуваат ова затоа што знаеме многубројните примери дека не сме единствени, ова е едно практично решение и освен тоа сигурна сум дека на ваков начин ќе се избегнат големите притисоци кои обично го следат вториот круг на гласање кое често пати се изродуваат во нешто несакано.

Апсолутно сум за голема поддршка на намалениот цензус и еве да видиме во такви услови како ќе функционираме. Јас сум оптимист и ова решение го поддржувам.

Исто така сакам да потсетам и на една друга работа која е директно поврзана со изведбата на овој закон затоа што овој закон се повикува на решенија од Законот за парламентарни избори, имено се работи за контрола и спроведување на изборите од страна на ДИК. Притоа се залагам за воведување на професионализам во ДИК, ова е нешто за што многу стручњаци се имаат согласено и мислам дека треба да иницираме, па би сакала и од оваа седница, иако не е директно во текстот на овој закон, меѓутоа, е во надлежност на Минстерството за правда да се направи дополнителна измена на другиот закон со формирање на секретаријат на ДИК. Тоа е една обврска која веројатно требало до сега да се заврши ако се има предвид дека уште во јануари 2003 година од ДИК било иницирано, заедно со меѓународните претставници кои се одговорни за процесот за избори во нашата земја било иницирано на една конференција заклучок да се формира таков секретаријат. Потоа ДИК испратил правилник за организација на еден таков секретаријат до Агенцијата за државни службеници и оттука веќе немам информации што станало понатаму, тоа е замрено, еве јас само би го иницирала со мојата дискусија да се види дали не би можело и во овој период мислам дека е сосема доволен да организираме една професионална стручна служба која ќе ги објективизира овие и било кои избори и ќе оневозможи сомнеж во припадноста на едни или други членови и едноставно преку еден ваков секретаријат ќе влеземе во редот на оние современи и добро организирани земји кои ова прашање на ваков начин го решаваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, имате реплика три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Со оглед на тоа што се сметам на некој начин прозван, имено, во говорот на колешката беше спомнато дека со излегувањето на една третина, значи со предлогот на законот една третина да биде цензусот ќе се избегнат големите притисоци. Јас во својата дискусија кажав, само би сакал да повторам и да допрецизирам дека цензусот од една третина сметаме дека е несоодветен, бидејќи овој цензус што го имаме од 50% е најсоодветен, со оглед на тоа што има држави

каде што има задолжително гласање. Значи, не мора да се повикаме на тоа дека следиме некои европски трендови, а она што се однесува на притисоците, сметам дека и со една третина ќе се јават еден друг вид на притисоци, а тоа се притисоци врз оние кои што сметаат, одредена политичка партија, или тие што се на власт или слично, кои што сметаат дека ќе бидат против нив да ги оневозможат да дојдат на гласањето, со оглед на тоа што не е потребен цензус од 50%. На тој начин, а тоа е многу видливо, значи ако некој дојде, веднаш ќе се знае. Ако тој што го оневозможува му прави притисок да не дојде, многу е видливо неговото доаѓање и многу е споредливо. Додека ако бидат 50%, тој ако дојде на гласање, никој не може, со оглед на тоа што гласањето е тајно да види како ќе гласа и за кого ќе гласа.

Според тоа, сметам дека овој начин од аспект на притисоци, не е добро објаснувањето, бидејќи сега ќе се јават еден вид на притисоци. Значи, она што гледаме од аспект на практично и поизводливо, јас се согласувам дека е тоа така, меѓутоа, треба да имаме предвид, повторно ќе напоменам економската состојба во Република Македонија и би требало ние граѓаните да создадеме таква економска состојба, таква клима на која што граѓаните ќе излезат да гласаат за оној за кој сметаат им го подобрува начинот и условите за живеење.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џевдет Насуфи, имате реплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам господине претседателе,

Јас и во мојата дискусија нагласив, односно го нагласив прашањето на цензусот. Изгледа дека Република Македонија е заплашена од српскиот синдром, сега оди со една друга екстремност, намалување на цензусот во несфатлива стапка.

Во демократиите гласањето за и против, апстиненцијата, речиси имаат иста вредност. Со овој закон господине министре за правда, претставник на Владата на Република Македонија, но и парламентарец да се разбереме дека ние на евентуалната апстиненција на парламентарните избори ја обезвреднуваме структурата можеби од 70% лод вкупниот број на граѓани. Ова е големо демократско прашање. Ве молам, 30% сега ќе го изберат градоначалникот на градот, на општината 70-те други проценти, кои со нивната апстиненција се против изборот, против кандидатот, ние ги обезвреднуваме. Значи, ние со закон им го земаме

правото за да бидат учесници во изборот на градоначалникот. Ова е нешто неоспорно, затоа сум против цензусот во таа стапка, било да е 50% или 60%.

Второ, повторно во однос на јазикот и членот 46 и членот 26, но и други членови за употребата на македонскиот јазик го обезбедуваат во согласност со Уставот на Република Македонија амандманот В од членот 7. Но за жал ние треба повторно да му пристапиме колешке пратеник, на тоа како ќе го употребуваме албанскиот јазик како втор службен јазик.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Поповска, а потоа да ме замените.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги,

Јас во мојот став во врска со цензусот и мојата поддршка ја образложив сосема јасно и не би се повторувала и апсолутно се соглсувам со годподинот Насуфи дека правото никој не му е одземено. Дадено е правото на сите тие што се зантересирани за изборите, а тие што ќе излезат до 30% да го изберат оној за кој се определиле, така што не се работи за одземање на право и не во ред да се залажуваат гласачите.

Инаку, што се употребува до употребата на јазиците јас му благодарам што го цитираше амандманот број В од Уставот на Република Македонија. Апсолутно и јас на него се повикувам кога велам дека да се дополни овој член да биде јасен, да нема дилеми, би требало токму да се цитира амандманскиот текст дека листите се поднесуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што е службен во таа и таа единица на локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе,

Се јавив за дискусија само од една причина на ваков начин да го изразам моето јавно негодување кон понуденото законско решение, со кое се намалува цензусот за избор на градоначалник од 50% излезеност на гласање на

гласачкото тело, на една третина од гласачкото тело и на 33%, со тоа што се дава можност на ваков начин само со 16,5% да биде избран градоначалник на општината.

Од друга страна, сакам да ја анимирам јавноста во Република Македонија да размислува за мотивите на актуелната власт, што ги натера да понудат вакво законско решение.

Имен, јасно е дека само богати граѓани во богатите западно европски земји и на други места во светот не се заинтересирани колку многу за процесите на гласање, а од друга страна и само сиромашни граѓани, граѓани без перспеткива и без надеж за поубав живот исто така како спротивност на претходната опција, не се заинтересирани за гласање.

Во Република Македонија, состојбата со стандардот на граѓаните, со невработеноста, со нивната надеж за поубав живот е токму на најниско ниво и поради тоа, тоа се главните мотиви и причини што граѓаните во Република Македонија кое нешто го кажаа и на последните претседателски избори, не се заинтересирани да излегуваат на гласање, бидејќи нив ги мачат многу потешки и поегзистенционални проблеми. Оттука произлегува дека актуелната власт нуди решение со кое не го решава проблемот на неизлегување или апстиненција на граѓаните во Република Македонија во неговата суштина, односно во подобрување на животниот стандард за создавање на услови за подобар живот, за вработување, туку се одлучува проблемот да го решава од прагматични причини, парцијални и кампањски би рекол, со намалување на цензусот на излезени гласачи, за избор на градоначалник на општина.

Според тоа, заради прагмата се губи суштината, а таа е во тоа што избраниот градоначалник, или човекот што треба да биде избран за градоначалник, треба да го црпи својот мандат исклучиво од гласачите на општината и што повеќе гласачи излезат, или се ограничи законски да излезат на гласање, тоа значи дека и мандатот му е поголем на тој избран градоначалник.

Нашиот јужен сосед има една добра поговорка која вели дека добра прилика е голема вода. Во преносно значење на поимот добра прилика, се подразбира добра прилика во најшироко значење на тој поим, па и избор на функцијата за градоначалник. А голема вода се подразбира тежината и напорите што треба да ги даде кандидатот за градоначалник за да стигне до таа функција.

Според тоа, за да биде избран, за да ја дофати добрата прилика, треба да исплива, или да изоди, да изнурка длабока, и голема и широка вода, а тоа е во

преносно значење, прво да има добра кампања, со таа кампања програмски да им се доближи на потенцијалните гласачи кои потоа ќе го дадат гласот за тој човек.

Меѓутоа, кај нас каква е состојбата? Наместо таа добра прилика, или функцијата градоначалник, поготово со последниот закон за локална самоуправа, кој ќе треба да се имплементира на почетокот на 2005 година со кој закон се зголемуваат надлежностите на градоначалникот, значи добрата прилика уште добива на значење и за таа добра прилика, наместо да се отежнуваат условите, во смисла да излезат што повеќе граѓани и да му го дадат мандатот на тој градоначалник, ние имаме една обратна пропорција во случајот. За таа функција нудиме помал број на излезени гласачи. Таа нелогичност отстапува и од спроредбено гледано земјите, би рекол најголем број на земји во Европа и во светот, каде што секаде случајот на гласање бара целосност од минимум 50% излезени гласачи.

Ова ќе предизвика последица по мене по два сегмента. Прво е во присхолошката и моралната димензија на така избраниот градоначалник, кој со 16,5% може да стане градоначалник. Затоа што ако човекот нема грижа на совест, само во таков случај ќе може да се помири со таква бројка на излезеност на гласачите, бидејќи претпоставуваме дека личностите што ќе се кандидираат за градоначалници, тие се блиски до народот, тие ги имаат сите доблести на морален и добар домаќин и човек, а би рекол дека не би се чувствувал добро некој градоначалник ако биде избран со 16,5% и да ја врши така лежерно таа функција.

Втора работа која исто така внесува една негативност во изборот на градоначалник со овој намален цензус е тоа што со оглед на разработените партиски структури во Република Македонија на двете најголеми партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и со механизмите што ги користат за време на кампањата, мислам дека се ставаат во подредена состојба независните кандидати за градоначалници кои немаат така разработена мрежа на активисти и би рекол дека во такви случаи се фаворизираат партиски кадри, а се ставаат во втор план, можеби поквалитетни предложени независни кандидати за градоначалници. Бидејќи цензусот од 30% излезени гласачи, 16,5% кој дале позитивен глас за одреден кандидат, ќе ги ставам во нерамноправна положба независните кандидати, кои можеби имаат и подобра програма и подобри понуди за вршење на функцијата градоначалник.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господин Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа пратеници, претставници на Владата на Република Македонија,

Имам чувство дека треба да проговорам по овој законски проект, иако е даден во една фаза, едно читање што би рекол, затоа што во два мандата сум ја обавувам функцијата тогаш претседател и дали имам некое позитивно или негативно искуство незнам, но сигурно дека треба да се чуе и мое размислување во делот посебно на некои членови как кои што има контраверзии, како во самиот закон со Уставот и добар дел членови и ингеренции.

Ова го зборувам од таа причина затоа што добри ни беше познат овој комунален систем или монотип на општина. Ние после толку години се вративме на овој систем, затоа што моите дискусии во Парламентот минатите години како пратеник покажуваат дека ние ќе се вратиме локалната единица да биде онаа која ќе ги решава сите права, односно сите барања, проблеми, па и барања на правото кај локалното население, или граѓаните, затоа што самите избори, самото однесување не значи само избор во локална самоуправа. Тоа е референдумско размислување. Тоа значи животот. Животот во комуната, живото во општината, животот во клетката, каде што секој граѓанин си ги бара и си ги остварува своите потребни права.

Ова го зборувам како позитивно, затоа што ни требаше време да еволуираме некаде 10-тина години и кога јас се залагав во Парламентот, со мене на оваа референца дискутираа пратениците албанци, тогаш не обвинија медиумите дека поедина политичка елита, дека застануваме на становиште дека ќе се направи поделба на Република Македонија, ако им се даде власта на албанците.

Сега слушаме некои други ветришта, некое друго убедување, сега ќе имаме некои други новинари кои ќе ја свртат тезата и браниме нешто што не се брани. Не може ние да измислуваме нешто што е измислено. Ние треба компаративните искуства во Европа кои се функционални, кои се применети, нема потреба да ги изопачуваме, туку да ги примениме. Да ги примениме, затоа што таму постои традиција, таму постои функционалност. Еве и ние со овој законски проект сакаме нешто да воведеме, нешто ново, но и при самите предлози и при самите членови дадени, се наметнува многу политика, се наметнува рестрикција во делот на помалите партии, во делот на независните кандидати. И она што боди во очи е

првото да кажеме, првата генерална забелешка, каде што се јавува колизија со сасмиот Устав во член 4 во Законот за изменување и дополнување на Законот за локални избори со Предлог закон во членот 4џ стои дека во самиот крај, да не го читам целиот, со денот на верификација на мандатот на член на советот на лицата вработени во општинската администрација, работниот однос им мирува во согласност со законот. Веднаш оди во колизија со членот 23 од Уставот на Република Македонија. Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции. Зошто го зборувам ова? Затоа што ако се избере советник, советникот не е професионално лице во советот на општината било која, затоа што советниците оваа функција ја обавуваат волонтерски. Ова е од членот 4 последниот став. Ова се однесува на избраните пратеници, затоа што советникот оваа функција ја обавува волонтерски. Сега со овој посебен став од членот 4, ние му даваме шанса да не може да се кандидираат истакнати граѓани, кои својата професионална функција ја обавуваат во општините. Не значи дека тие може да се и не партиски и сега како ако бидат избрани за советници да им мирува работното место. Како ќе живеат тие луѓе? Како ќе остваруваат право на надомест. Мислам дека овој став како таков треба да остане. Законодавецот треба да размисли последниот став од членот 4, како таков треба да отпадне.

Следната забелешка се однесува на изборната кампања. Многумина велат дека 30 дена се многу, многумина тврдат дека 20 дена се малку или 20 дена се доволно. Не знам што би било најсоодветно во овој момент, затоа што обично браниме нешто во смисла дека 20 дена се доволно за да не ги оптоваруваме граѓаните. Кога сакаме нешто да браниме што не се брани, тогаш се повикуваме на економската состојба или немањето пари. Ако не ни одговара, кога зборуваме во интерес на граѓаните дека е лоша состојбата, тогаш не зборуваме дека се потребни пари, треба да се изнајдат економски решенија за подобрување на животниот стандард, бегаме. Во Македонија го употребуваме тој феномен. Го употребуваме Уставот и законите како во супер маркет - кога нешто ни одговара, ќе го земеме делот што ни одговара, а она другото не не интересира и не ни одговара. Така наметнавме шема и во основното живеење, во Парламентот, правосудството, полицијата, секаде. Мислам дека нема потреба овие наметнувања да се користат со политички карактер. 20 дена реално се малку, иако некој ќе каже дека Република Македонија како држава и како изборна единица е мала, ако имавме избори за 30 дена за пратеници или избор на претседател, 20 дена се доволно  на локално ниво. Мислам дека хендикепт ќе биде кај независните кандидати и малите политички

партии, што не значи дека ќе биде хендикепт ако одиме во крајност, затоа што најголемата политичка партија во Македонија е онаа на неопределените гласачи во Македонија. Знаејќи како стојат работите, тоталната разочараност од сите политички партии, на овие избори граѓаните ќе се определуваат за личности. Веќе поминаа 4 изборни циклуси, така што граѓаните доволно ги имаат скенирано сите политички субјекти и политички партии и граѓаните ќе учествуваат по сопствено уверување. Во краен случај, на граѓаните им треба човек со кој ќе комуницираат.

Она што значи моја лична забелешка, па и на мојата политичка партиија, е во однос на позитивната дискриминациија што се наметнува. Во членот 18 стои член 15-а: “Во предложената листа на кандидати за членови на Советот на општината и градот Скопје секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%”. Ние како полиитчка партија уште 1994 година донесовме наши предлози, резолуции листата да биде со најмалку 50%, што значи ние како политичка партија се залагаме жените во политиката да бидат 50%. Но, нам ни боде во очи квотата. Квотите делуваат малку ретроградно. Сега имаме амандман од група пратеници каде стои најмалку 30% во горната листа и најмалку 30% во долната листа, што значи одиме чекор повеќе и од Либералната партија и се предлага до 60% учество. Имам почит и ги сакам жените, да бидам отворен, тука нема што да се крие и навивам за жените.

Она што стои како генерална забелешка на сите партии, па и граѓани е во однос на цензусот. Во стариот Закон за локална самоуправа и избори, во членот 55 се вели: “во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои излегуваат на гласање доколку на изборите излегле повеќе од половина од вкупните гласачи”. Сега имаме нешто друго, што малку збунува, затоа што во образложението стои дека цензусот би бил 1/3 од запишаните граѓани или со право над 50%, би излегле 16,5%. Ако е така, законодавецот стои на тој став, го има мнозинството и ќе биде така, ако образложението на министерот беше дека има три моменти, во што сакаше да не убеди, а мислам дека правеше нешто што не може да се одбрани, ова можеме да го направиме многу пософистицирано. Бидејќи се повикуваме на држави како Грција и Австралија каде што има задолжително гласање, ние можеме да го смениме Уставот, а во Уставот стои дека би направиле гласање за сите избори во Македонија, почнувајќи од изборите за претседател на држава, парламентарните избори и локалните избори, односно изборите за градоначалници. Она што сакаме да го браниме во смисла да не се прават трошоци, во Македонија имаме статистика и позитивно искуство дека во Македонија има висок цензус на излегување. Посебно

кога станува збор за локалните избори, гледано од 1990 година, од воведувањето на повеќепартискиот систем, ние имаме една вообичаена бројка која се движи од 77% до 81% на излезеност на граѓаните на избори. Зборувам за излезеност на локалните избори. Тоа значи дека влегуваме во редот на земјите со најголем цензус во светот, во првата категорија. Сега ако зборуваме дека и на овие избори ќе излезат граѓаните, затоа што граѓаните во Македонија ги тиштат многу проблеми, не може некој да не убедува дека искуствата зборуваат друго, ние ќе ги стимулираме граѓаните. Граѓаните сами ќе се организираат, затоа што знаат што треба да направат. Во Македонија постои едно друго непишано правило и феномен, имено, на изборите граѓаните излегуваат да казнат. Ретко кога граѓаните во Македонија избираат за да наградат некого, затоа што апсолутно се незадоволни по било кој основ. Феноменот во Македонија е што граѓаните излегуваат на избори за да казната, а така ќе биде и на овие избори.

Забелешката за која имаше објаснување од самиот министер, а посебно од колегите пратеници албанци, но и од македонци, се однесува на членот 42 за 20% или над 20% за градот Скопје. На еден начин толкува дел пратеници, на друг начин го толкуваат албанските колеги, на трет начин министерот за правда. Мислам дека ова е нејасно и не знам дали на мала врата треба да се влезе со ваков предлог. Треба да се каже отворено дека вака е договорено со политичките партии, ние сега сме на власт, ние сега ја носиме одговорноста, иако во Скопје нема над 20%, во Скопје ќе се зборува и како втор јазик ќе биде албанскиот. Мислам дека е многу почесно отколку да оставаме отворени прашања и за тоа се случуваат овие работи. Секогаш кога се доаѓаат вакви прашања, сакакме да се покажуваме патриоти, секогаш глумевме дека многу се боревме за македонците, а потоа не што губевме, туку се дадовме, и повеќе ќе дадеме. Затоа, ова е добар момент да се размисли и да се каже ова е вака, да не ги ставаме проблемите под тепих, затоа што после тој тепих добро ќе не напраши, ќе ни стави и пепел на главата. Затоа, законодавецот треба добро да размисли.

Кога станува збор за правата и обврските, кога зборуваме за цензусот, ако некој градоначалник се избира со 16,5% од излезените и запишани избирачи, какво ќе биде неговото отповикување. Во законот се вели ако некој се избира со 50%, треба да биде отповикан со 50%, односно како за изборот така и за отповикувањето. Она што значи одговорност или нестручно, недомаќинско и нетранспарентно работење кај градоначалниците, имаме граѓанска иницијатива од страна на граѓаните и е нормирано со 10%, потоа се оди на референдум, каде 50% од

запишаните гласови кои не се задоволни од работењето на градоначалникот по икс основи имаат право да покренат прашање за негово отповикување и избор на нов градоначалник. Во дадениот случај, како ќе избираме градоначалник? Ќе избираме со 16,5% од запишаните избирачи во избирачките списоци, а отповикувањето ќе биде 50%. Има некоја нелогика. Законодавецот треба добро да размисли и да изнајде некоја форма. Ние немавме можност да интервенираме со амандмани затоа што беше укажано дека овој закон ќе оди по скратена постапка. Нема проблем да ги тргнеме тие сомнежи, толкувања и кажувања дека дел од пратениците имале посебно видување, се плашеле од локалните избори, сакале да нема локални избори на есен, да немало претседателски избори, дека ќе се апстинирало. Ни најмалку. Во Македонија ќе дојде една персона и ќе и каже на Владата и Парламентот: ќе ги направите локалните избори третата недела, ќе играте и на тупан. Тука е завршена приказната ако ни кажат така од Европа, да не ни кажува некој дека вака ќе направи или така. Дури ако сакате, од Европа и од САД ако ни кажат, можете и сега да ги напишете имињата на градоначалниците и да нема избори. Подобро. Јас предлагам да нема избори, нека ни го дадат списокот, нема да правиме трошоци, за 24 часа ќе си биде работата како што треба, ќе пишат декрет - 10 Божји заповести тоа, тоа и тоа треба да направите, ќе ви дадеме пари за инфраструктура и мирно ќе си живееме, нема да има проблеми.

Мојата забелешка е следната: имаме систем на избирање на градоначалник на тајни и непосредни избори. Кога имаме избори на тајни и непосредни избори во Република Македонија, а тоа е уредено со Устав и законите, имаме избор на претседател, на пратеници кои имаат имунитет и сега имаме избор на градоначалник. Ако претседателот на државата кој се избира на тајни и непосредни избори има имунитет, потоа имаат имунитет пратениците, имунитет треба да имаат и градоначалниците. Во моментот имаме имунитет на министри. Имаше иницијатива од некој поранешен министер да им се одземе имунитетот на министрите, но тоа стои така затоа што никој не сака да си направи харикири, нема да поднесе таков закон за да му се одземе имунитетот. Не е будала да направи такво нешто.

Во конкретниов случај законодавецот треба да размисли да даде имунитет на градоначалниците. Во поранешниот комунален систем, кога Собранието имаше три собори, делегатите кои беа во општинското Собрание имаа имунитет на локално ниво, па за она што зборуваа на говорница беа ослободени од кривична одговорност. Мора да имаме некој имунитет и за градоначалниците, затоа што сега

знаеме кои ингеренции ќе ги имаат градоначалниците и се поставува едно друго прашање. Имено, Парламентот би бил депласиран. Парламентот ќе биде неактивен, и сега луѓето не не гледаат, но тогаш парламентарниот систем нема да игра никаква улога. И сега граѓаните не не гледаат, многу им е гајле што ќе се случува во Скопје во Парламентот. За нив ќе биде атрактивно тоа што се случува кај нив, тоа ќе биде нивен парламент, локално собрание, ќе си го гледаат на телевизија. Каков интерес имаат од нас ако не им ги решаваме проблемите. Затоа, ако се дадат правата и ингеренциите на општините, ќе видиме. Затоа, да не бегам од темата, во делот на она што значи финансирањето - но да не ја оптоварувам денешната седница бидејќи ќе дојдат на дневен ред и другите закони, законодавецот треба да размисли околу имунитетот на градоначалниците, бидејќи ќе имаат голема одговорност, и ќе бидат не на ранг на пратеник, туку на ниво на мине премиер, посебно во градот Скопје. Градот Скопје ќе биде пандан влада паралелна на Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Само едно дообјаснување, бидејќи често се споменува дека ова е скратена постапка и немало време за амандмани. Ова е скратена постапка затоа што според Деловникот затоа што девет дена пред одржувањето на седницата беше поднесен овој закон. Значи на 12 мај пратениците го добија законот, а седницата беше закажана за 21 мај. Ако знаеме дека според Деловникот при скратена постапка, 24 часа пред одржување на седницата се одржуваат амандман, тогаш имаше 8 дена за да се прочита законот и да се поднесат амандмани. Мислам дека 8 дена се сосема доволни за таква работа.

Тоа беше моето дообјаснување.

За реплика се јави пратеникот Лилјана Поповска. Повелете три минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, јас сакам една кратка реплика на колегата Слободан Даневски како женољубец, како што самиот рече, да му појаснам да не се грижи дека нешто лошо им се прави на жените со тие квоти. Спомна дека квотите се ретроградни. Само сакам да појаснам дека тие не само што не се ретроградни, ги има во многу земји, а сите тие се донесени врз основа на Меѓународна конвенција

против сите видови дискриминација на жените. Значи тоа е меѓународно кодифицирано и привремени мерки на афирмативна акција се предвидени до постигнување полна рамноправност, а понатаму не би биле потребни.

Уште едно мало дообјаснување. Не се работи за тоа дека на листите ќе има 60% жени туку 30% рамномерно распоредени.

Инаку, ова е дел од нашата борба на активистите од женското движење за можноста за вклучување на жените во политиката и јавниот живот. Инаку, во некоја друга прилика при говорење за други законски текстови би говорела за некои други услови кои државата треба да и ги овозможи на жената за да може таа да биде и мајка и да си го најде својот баланс како општествено битие, како една рамнотежа меѓу она што е потреба да биде мајка и родител и член на семејството и да биде активен чинител во општествениот и јавниот живот. Мислам дека има многу што на тој план да поразговараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика на господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

И јас имам чувство дека вие, драга колешке, не ги мразите мажите, имам чувство дека и вие ги сакате мажите. Во однос на ова прашање ви стојам на располагање, вие како поголем активист на жените да ме повикате и да ме вклучите во сите активности на жените. Јас сакам да се дружам со жените. Ама да ме викнете, а не само вака декларативно. Да ме повикате, ќе дојдам, ќе присуствувам, ќе лобирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Иако во првата реплика има нешто што јас сакав да го кажам, јас уште еднаш ќе повторам.

Почитуван колега, во овој наш највисок законодавен дом, без разлика на родовата припадност, имаме подеднаква одговорност во вршење на функцијата пратеник.

Како второ, рековте дека ги сакате жените. Верувајте ние потреба од такво нешто немаме. Ние имаме потреба и заслужуваме да бидеме респектирани и почитувани.

Би сакала да се престане со практиката во овој Парламент, кога се носат некои законски проекти, моите почитувани колеги храброста во поддршка на некој проект да ја поистоветуваат со мажевност. За жал, многу жени многу похрабро се соочуваат со предизвици и би сакала навистина повеќе да не дискутираме на таа релација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика на господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас се извинувам, колешке Станковска, што не ве спомнав, еве и вас ве сакам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова ќе го прифатиме како една релаксирачка шега.

Има збор господинот Илјаз Халими, а нека се подготви пратеникот Јанаќе Витановски.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

(Говори на албански но преводот не е вклучен).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Халими, но има проблем со преводот технички.

(Пратеникот Халими со говорот на албански, но преводот не се слуша).

Дали имате сигнал во кабината? (Им се обраќа на преведувачите од албански на македонски јазик, од каде одговорот е позитивен).

Повелете.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Бидејќи се среди техничкото прашање јас уште еднаш ќе го кажам тоа што веќе го кажав, значи имав прилика да го разгледам овој закон што се предлага за

измена и дополнување на постоечкиот закон за локални избори.Овде забележав доста измени кои се предлагаат да се направат на постоечкиот закон. Некои од тие измени се на место. За мене не е спорно ако одиме по ред од членот 28 времетраењето на изборната кампања за локални избори е прдложено да биде 30 дена. Иако на Комисијата за политички систем имаше разни други предлози јас предложив изборната кампања да трае 20 дена, имаше прдлози да трае 15 дена. Меѓутоа верувам дека предлагачот ќе ги има предвид овие наши забелешки, или наши предлози и природно амандманите што се предложени во оваа насока и тие ќе можат да се определат кои имандмани да ги прифатат.

Има измени и во член 17 се зборува за предлогот за кандидат за градоначалник кој што може да го поднесат група граѓани значи тоа е на место, бидејќи населбите за кои што се одбираат градоначалници не се исти, затоа и собирањето на потписи не треба да биде исто. Ова е регулирано и држи, значи е на место. За опфаќањето на женскиот пол природно дека го поддржуваме тој предлог го прифаќаме, иако секоја политичка партија носи одговорност за подготовка на листата со општински советници, значи листата за општински советници и никогаш не се оди стриктно на тоа да ако некој е од женски род не се предложи, туку во зависност од проценките што ги врши политичката партија ги определува и кандидатите без оглед дали се од женски, или од машки род во листата на кандидати за општински советници.

Што се однесува на цензусот каде што се вели во членот 53 дека за градоначалник може да се одбере тој кандидат кој што добил повеќе гласови од другиот, меѓутоа под услов една третина да излезе на гласање од тие што се запишани во глсачката листа. Мислам дека на некој начин ова држи и е во ред. Меѓутоа, ако еден градоначалник се одбере да речеме со помалку гласови од една третина од сите гласачи, значи што е услов, значи, што треба да излезат, вистина е дека на некој начин може да се мисли дека не ја заслужува таа легитимност. Меѓутоа, бидејќи секој граѓанин кој што го исполнува условот за гласање има право да излезе и да гласа и не го искористува тоа право, значи тоа е негово право. Така што не може да се рече општо дека тој не го заслужува тој легитимитет. Овој предлог што е даден на овој начин за овој цензус, овој цензус важи за сите, без оглед дали се говори за кандидат кој што утре ќе го предложи позицијата или опозицијата. Значи, тука нема ништо спорно. Јас предложив и во Комисијата за политички систем дека ќе беше добро да се оди во еден круг и тоа да нема цензус, туку од општиот број на граѓани кои што ќе излезат на гласање, природно тие што

имаат право на глас, тој што ќе добие најмногу гласови да се одбере за градоначалник. На крај ова требало да се види и да се регулира така како што е регулирано во земјите членки на ЕУ, бидејќи и така ние тежнееме нашите закони да бидат компатибилни со законите на ЕУ. Така ќе бевме еден чекор кон реализирање на задачите кои што сме ги презеле како Република Македонија.

Што се однесува на членот 46 овде имам една забелешка каде што се вели дека гласачкото ливче се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Потоа, се вели дека во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик и различен од македонскиот јазик, гласачките ливчиња се печатат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот во таа единица на локална самоуправа. Значи ова е во ред. Потоа, имаме алинеја 12 каде што се бара да се додаде една нова алинеја 13 каде се говори за територијата на градот Скопје каде што се вели: ако помалку од 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, значи, во гласачкото ливче името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат и на тој јазик. Значи, овде се говори воглавно за два службени јазика, значи македонскиот и албанскиот јазик што значи дека според ова што се бара овде да се додаде, значи граѓаните албанци кои што живеат на територија на градот Скопје иако се помалку од 20% од општиот број на граѓани, значи, го имаат ова право, на гласачкото ливче името на предлагачот и името и презимето на носителот на листата да бидат на нивниот јазик.

Амандманот 5 алинеја 2, од Уставот, нема спроведување, реализација така како што треба на цела територија на Македонија, туку на селективен начин. Затоа јас сум интервенирал и со амандман ова да се регулира на тој начин да секаде каде што албанците се на територијата на Македонија без оглед во која единица на локална самоуправа и се помалку, или повеќе од 20% да се спроведува ова уставно право. Значи, на гласачкото ливче како името на предлагачот на листата, така името и прзимето на носителот на листата да бидат и на нивниот јазик. На овој начин ние можеме да го исправиме овој амандман, или да ја исправиме оваа алинеја што се бара да се додаде на алинеја 12 на членот 46.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас ќе дадам свое видување по овој законски проект, иако долго и опсежно разговаравме на комисиите на кои што учествувал. Прво, да кажам неколку збора. Пред се да почнам по текстот на законот. Мислам дека Законот се носи во една постапка која што е регулирана во согласност со Деловникот. Точно е тоа дека Законот се носи во една фаза, но тоа ја налага и потребата за организирање на локалните избори во месец октомври, а и расправата која што се водеше во комисиите и овде во овој парламент и можноста на сите пратеници да дадат свои забелешки преку амандмани, не го ускратува правото законот да биде подобрен во својот текст со амандмани, или со свои дискусии. Јас ја разбирам опозоцијата, бидејќи таа треба да го напаѓа овој закон, како што напаѓа се досега. Мислам опозицијата го напаѓа овој закон, но без основа и без аргументи. Според мое видување законот е извонреден  кој што ги содржи позитивните елементи, односно одредби и од постоечките закони а тоа е Законот за избор на пратеници и Законот за избор на претседател на Република Македонија во кои што спроведовме фер и демократски избори. Да напоменам дека овде бевме нападнати од страна на опозицијата, дека Законот се носи за позицијата. Сметам дека Законот не се носи за позицијата како што тоа го тврди опозоцијата, туку Законот се носи за граѓаните и за избирачите и зза организирање на фер и демократски избори. Мислам дека овие обвинувања од страна на опозицијата не држат. Мислам дека оваа година ни претстојат уште едни избори за кои што знаеме сите, тоа се локалните избори на кои ќе се избираат градоначалниците и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа кои се органи на управување во општините. И да напоменеме дека се избираат на секоја четврта година на општи, непосредни, слободни избори со тајно гласање, а ќе се вршат во согласност  со овој закон кој што сега е предмет на расправа. Инаку, самиот закон за локалните избори е донесен во 1996 година и ние според овој закон ги спроведовме локалните избори во 1996 и 2000-та година. Сега, оваа година 2004 ни претстојат овие локални избори кои се трети по ред и овие избори ќе ги спроведеме со донесувањето на овој закон кој што сега го разгледуваме. Новина ќе биде тоа што овие локални избори ќе се спроведат и по новата територијална организација на Република Македонија за што е во тек и во постапка донесување на законот за територијалната организација на Република Македонија како и законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Со овој закон за локални избори  се уредува комплетно постапката, условите и начинот на избор на членовите на Советот и градоначалниците на општините и Градот Скопје. Сметам дека за обезбедување на фер и демокртски избори, а со цел

подобрување на правната рамка за спроведување на локалните избори кои ќе бидат одраз на општите и демокртски процеси во општеството, а и позитивните искуства од новите решенија во Законот за избор на пратеници и во Законот за избор на претседател на Република Македонија се наметна потребата овој закон да има измени и дополнувања. Што ќе постигнеме ние со овие измени и дополнувања и која ќе биде неговата крајна цел? Сметам дека со предложените измени и дополнувања на Законот ќе обезбедиме прво и појасна и целисходна правна основа и ќе се елиминираат евентуалните дилеми кои можат да настанат при спроведувањето на Законот. Законот го следи општиот тренд на изнаоѓање на подобри и попрецизни решенија во изборниот систем. Со законот ќе се обезбедат демократски избори и демократска изборна постапка, јавност и транспарентност и поголема заштита на избирачкото право. Со овој закон ќе се елиминираат сите видувања и од страна на опозицијата за спроведување на не фер и недомократски избори. Досега, изборите беа и фер и демократски и ќе одиме во таа насока. Бидејќи овде се отворија многу дилеми и дискусии околу неколку предложени решенија во овој закон, јас ќе дадам свое видување.

Првото мое видување е дека во членот 2 од предложениот закон се прецизира кој може да биде избран за градоначалник односно за член на Советот. Исто така, позитивно го оценувам утврдувањето на времето кога ќе се организираат овие локални избори и тоа редовните избори за членови на совети и градоначалници секоја четврта година ги распишува претседателот на Собранието и истовремено ќе се одржат во третата недела од месец октомври. Ова е добро решение и секои четири години во последната недела во месец октомври ќе бидат организирани локалните избори.

Малку би се навратил и околу органите за спроведување на изборите за што овде имаше некои дилеми од страна на опозицијата. Органи за спроведување на изборите се изборната комисија и избирачкиот одбор и ДИК. Сметам дека во изборната комисија која е составена од претседател и по 2 членови и нивни заменици за 4 години тие се именуваат двајца членови и нивни заменици во изборната комисија се именуваат на предлог на политичките партии на власт, а двајца од членовите на политичките партии од опозицијата. Значи, во изборната комисија ќе бидат застапени и позицијата и опозицијата. Овде имаше дилема околу тоа кој да го избира претседателот на избирачките одбори. Мислам дека решението кое што е понудено во Законот е соодветно и е на место, односно пртседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик ги именува претседателот на изборната

комисија. Опозицијата тврди дека тоа нема да биде легитимно и дека било подобро тоа да го врши целата комисија. Сметам дека ова решение е извонредно, бидејќи тие ќе бидат, претседателот на изборната комисија ќе го избира претседателот на избирачкиот одбор.

Сакам да напоменам нешто што е и новина во овој закон, а тоа е вршењето на едукацијата на членовите на избирачките комисии, односно едукацијата која што се врши од страна на Комисијата за избирачките одбори ќе биде подобро спремање на избирачките одбори за тие да ги спроведат изборите, бидејќи тие се основниот, барем за мене,орган, кој што ќе ги спроведува изборите. Овде се расправаше долго и повеќе околу прашањето на членот 15-а, а тоа е каде што се предвидува да бидат застапени во членови на Советот со најмалку 30%. За мене оваа одредба е во ред. Мислам дека и во текот на расправата има и еден амандман во кој што се предвидува редоследот на жените да биде во горниот и во долниот дел на листата. Со тоа ќе направиме еден чекор напред во изборната постапка односно ќе направиме чекор на застапеноста на половите.

Се отвори голема дилема околу изборната кампања. И во Законот е предвидено изборната кампања започнува 30 дена пред денот определен за одржување на изборите и не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите. Но, има еден амандман и мислам дека тој амандман треба да помине, а тоа е изборната кампања да се намали на 20 дена. Сметам дека организаторите на изборната кампања чии листи на кандидати за избор на членови на Совет, односно листа на кандидати за градоначалник кои се потврдени од избирачката комисија имаат право да ја организираат изборната кампања. Организаторите на изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда. Сега овде настана дилемата дали тоа е во ред, или не е во ред?

Сметам дека изборната кампања за локални избори намалена на 20 дена е сосема доволно од причина што за успешна кампања, бидејќи кампањата пред се се однесува и се води во општината, и во рамките на општината и во општината се претставуваат кандидатите за градоначалници и членовите на Советот кои што живеат во самата општина. Сметам дека со изборна кампања од 20 дена ќе се постигне саканата цел да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето за кандидатите за членови на Советот и за градоначалник. Со ова сметам дека ќе се постигне и целта, бидејќи кампањата ќе биде пеофикасна, поевтина и подобра и за

политичките партии бидејќи политичките партии не располагаат со такви големи средства за оваа работа.

Ќе се осврнам на членот 52 каде што се вели дека за градоначалник е избран оној кој ќе го добие мнозинството гласови од избирачите кои гласале доколку излегле една третина од вкупниот број на избирачи. Сметам дека оваа одредба е сосема во ред и дека на овој начин ние ќе допринесеме во првиот изборен круг да избереме барем по мое мислење некаде 90% од градоначалниците. Сметам дека на никој не му е ускратено правото бидејќи секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право, избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори и со тајно гласање. Така што овој цензус од една третина е сосема доволен градоначалникот да има и легитимитет и да го добие мандатот. Оваа одредба според мене ќе биде и поттик и стимулација за политичките партии да обезбедат поголем одзив на своите симпатизери и своите членови со тоа што тие да бидат во мнозинството и да го изберат градоначалникот, односно Советот. Знаеме, дека Советот се избира во еден изборен циклус, а градоначалникот ќе се избира токму в првиот круг. И, ние во првиот круг ќе ги имаме избрано двата органи и во многу краток период ќе бидат органите на управување на општината избрани. Сметам дека никакво право не му се одзема на никој граѓанин. Секој граѓанин има слобода на своите избори и со тајно гласање ќе го даде својот глас. Сметам дека политичките партии ќе добијат повеќе можност за да обезбедат да ги изнесат своите гласачи на гласање.

Јас во целост го поддржувам овој закон и ќе гласам за него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(по паузата )

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, а исто така и претставникот на Владата.

Г-динот Трајановски има реплика на претходната дискусија.

Повелете г-дине Трајановски 3 минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Мојата реплика се однесува на говорот на г-динот Јанаке Витаонвски. Инаку, сметам дека треба да реплицирам на нешто што сметам дека не е така како што беше кажано. Инаку, беше кажано дека ние без основа и без аргументи сме дискутирале во врска со забелешките по овој закон . Сметам дека ги дадовме добро аргументите.

Второ, дека напаѓаме и дека досега се сме се служеле само со напади . Сметам дека и тоа не е точно, бидејќи има и голем број на закони, кои што ние како опозиција сме ги прифатиле и сметаме дека биле добри. Значи, за оние закони за кои сметаме дека се добро законско решение нашата поддршка не изостанувала и тука не држи тврдењето дека напаѓаме се што е досега доставено до Парламентот.

Што се однесува до замеником претседател на избирачки одбори, тоа е регулирано во член 10 од Предлог за измени и дополнување на Законот . Нашата забелешка беше дека претседателот на избирачки одбори и неговиот заменик не треба да ги именува претседател на Комисија, бидејќи со тоа и на тој начин, со оглед на тоа што претседател на изборна комисија го определува мнозинството во Парламентот кој што го има, значи, власта, ќе постои можност за партизација на избирачките одбори, а тие се многу важен елемент во изборите, бидејќи тие се тие кои што на самите избирачки места можат или неможат да направат малверзации. Следно, дека 1/3 е доволно да биде изборот за градоначалник за легитимен, што значи дека не е 1/3 , туку според Предлогот на законот е 1/6. Значи мнозинството од 1/3 , со 1/6 или со 16,5 или 16,7 , значи 3,33, три периода ако сметаме математички ќе добие тој градоначалник или тие членови на Советот легитимитет. Тоа е едно многу ниско ниво на избор и сметам дека самите изборни кандидати би се чувствувале непријатно, а особено нивниот легитимитет не би бил добар со оглед на големиот односно на малиот процент кои што треба да гласаат и да биде тој избран во првиот круг.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Сакам да се задржам, пред се, на решенијата кои се предложени во текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Меѓутоа, на почетокот сакам да изразам едно незадоволство, заради тоа што овој закон оди во една фаза, што значи дека многу подобро ќе беше ако беше прво предложен како предлог за донесување на закон, за да можеме тука како Парламент да ги искажеме нашите видувања во однос на предложените измени и дополнувања и со цел да се даде можност на Владата и на Министерството за правда да може да ги прифати и да ги разгледа сите наши предлози, наши гледања на оваа проблематика која што е регулирана со овој закон и на тој начин да се донесе еден закон, кој што навистина ќе биде квалитетен текст, еден подобар текст од овој кој што го имаме сега добиено. Иако, јас сум сигурен дека еден добар дел од решенијата кои се наведени во овој закон,  се донесени врз основа на претходните искуства и на законските решенија кои што пкажаа одредени слабости во досегашната нивна примена, а истовремено и во склад со образложението кое што го имаме добиено кон овој закон, секако дека тоа претставува и усогласување со новите решенија кои што ги има во законот за ибор на претседател на Република Македонија , Закон за избор на пратнеици во Собранието на Република Македонија ,каде што имаме решенија коио што се разликуваат од досегашните решенија од Законот локални избори. Ова би биле мотивите  и на Владата за да ги предложи овие измени и дополнувања на овој закон . Меѓутоа, пред се, за да се направи една споредба во однос на оние проблеми кои што се појавиле во практичната примена на досегашниот закон за локални избори, навистина, требаше малку покомплексно, поцелосно, поаналитички да се пристапи и на тој начин да овозможиме и за јавноста и за стручната јавност и останатата јавност, како и ние тука пратеници, поаналитички и поконкретно да ги искажеме сите наши забелешки по однос на текстот на Предлогот за донесување на закон, до колку овој закон беше предложен во две фази. Меѓутоа, факт е дека ние добивме предлог закон и единствена можност каде што можеме да ги кажеме нашите забелешки е оваа расправа по Предлогот на овој закон. Сметам дека со оглед на сите оние работи кои што беа кажани дека овој Закон се предлага заради малку време кое што е на располагање за негово донесување, затоа што локалните избори би требало да бидат распишани до крајот на овој месец. Со оглед на фактот дека консултации со опозицијата не се направени онака како што заслужува овој закон, сметам дека и сите оние предлози или укажувања кои што ќе ги искажеме од оваа говорница, нема да можат да бидат прифатени или ќе бидат прифатени само оние кои што ќе бидат предмет на усогласување на оние кои што го предлагаат овој закон. Тоа беше  мојата забелешка на почетокот од мојата дискусија, а понатаму сакам да се задржам на неколку

предлози, решенија кои што ги има во овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори а кои што се однесуваат, пред се, една работа која сметам дека не треба да биде менувана, а која што беше како решение во сите досегашни закони се пкажа како квалитетно решени, кое што досега не предизвика никакви проблеми во однос на одвивањето на изборната кампања. Напротив, сметам дека тоа се докажа дека е оптимален временски период, за да може да се организира и да се спроведе една изборна кампања, се со цел да се третираат изборите како вистинско запознавање на граѓаните и вистинско објаснување на тие граѓани за она што претставуваат кандидатите кои што се пред се на листата на советници, што претставува кандидатот за градоначалник односно кандидатите од различните подносители на листи и на кој начин мислат да ја остварат Програмата која што ја нудат до граѓаните.

Со предлогот за намалување на траењето на изборната кампања од 30 дена на 20 дена, како што имаме во Предлог амандманот кој тука е предложен на Собранието, сметам дека ќе се оневозможи целосно и доследно реализирање на волјата на граѓаните во смисла на давање на целосен легитимитет на кандидатите за градоначалници и советници во советите на општините. Зошто го велам ова? Затоа што навистина, за да може да се смета демократски легитимен избор на еден градоначалник , тоа треба да биде остварено врз основа на една кампања, која што ќе претставува пред се директен контакт со граѓаните , медиумски контакт со лицата кои не биле во можност да присуствуваат на тие директни контакти, а истовремено да може да се остварат и средби, запознавање со сите членови кои се на листата за советници, затоа што сите знаеме дека се работи за листи на советници кои содржат по 20 и повеќе лица, кои треба секој посебно и сите истовремено заедно да бидат претставени на граѓаните за запознавање на личностите кои треба во иднина да решаваат за нивните битни локални работи. Со оглед на фактот дека со новиот закон за локална самоуправа многу надлежности се префрлени од централната на локалната власт, тоа не е нешто што треба да се пренебрегне, туку напротив треба да се свати дека за да се направат едни вистински демократски избори, за да имаме легитимен избор на градоначалници и советници на општините, единствен начин е да има доволно време за да се реализира изборна кампања, која што ќе доведе до израз волјата на граѓаните на таа општина и давањето на нивната доверба за реализација на конкретната програма на кандидатите.

Првиот став кој што сакаме да го кажеме е дека нетреба да се напушта досегашното решение од 30 дена за изборна кампања. Напротив, се покажа како

оптимален рок во кој што ќе можат да се претставaт и кандидатите и граѓаните ќе имаат можност на различни начини да дојдат до сознани кој треба да ги претставува во иднина, а истовремено да можат и да бараат отчет за она што тие го ветиле, она што сметаат дека треба да се сработи во периодот на нивниот мандат.

Втората работа која што предизвика полемики и во медиумите, меѓутоа и тука во досегашната расправа на Парламентот, тоа е цензусот за избор на градоначалник. Јас ќе ве потсетам на досегашното решение каде што пред се треба да се спомне дека изборот на градоначалници, затоа што изборот на советници е пропорционален модел и тоа завршува во првиот круг и се избира бројот на советници кои што го имаат добиено одредна листа на советници согласно добиените гласови. Кога се работи за избор на градоначалник имаме два изборни круга. Значи, овој цензус кој што досега се предлага со 30% се однесува само за првиот круг, затоа што и досега цензусот за да добие некој легитимитет да биде избран за градоначалник во првиот изборен круг беше 50% излезеност на гласачите од вкупниот број на гласачи. Меѓутоа, за да може еден кандидат да стане градоначалник во првиот изборен круг, неопходно ќе биде тој да добие повеќе од половината од излезените гласачи кои што досега беа над 50%, а сега со новиот предлог се 30% и на тој начин да добие мнозинство на гласови по однос на сите други негови против кандидати. Навистина, ако се зборува од аспект на реално прикажување и формирање на волјата за избор на градоначалник каде што имаат граѓаните гласачи во таа општина, процентот од 50% може да претставува еден легитимен избор за да се свати дека  повеќе од половината граѓани излегле на гласање и на тој начин оној кој што станал градоначалник во првиот изборен круг, затоа што се работи без можност за повторување на гласањето да може да добие легитимитет барем од 1/4 од  вкупниот број на граѓани, гласачи во таа општина и на тој начин да има реален израз на волјата на тие избирачи. Меѓутоа, предлогот да се намали тој цензус од 50% на 30% во првиот изборен круг навистина не е доволно образложен ако се мисли на тоа дека со фактот на апстиненција , кој што се покажа како еден многу битен фактор во овие претседателски избори кои што ги имавме зад нас може да претставува еден многу опасен преседан, затоа што се создава една слика дека оние кои се на власт можат по пат на различни методи, притисоци да оневозможат излегување на гласачите на гласање и на тој начин со самото тоа што нема да излезат сите оние кои на одреден начин се незадоволни од состојбата во која се наѓаат, од политиката која ја води власта генерално и на локално ниво, ќе се

овозможи оние кои ќе бидат од друга стран излезени на гласање, тоа пред се ќе претставуваат лица кои имаат конкретен интерес да го остварат тоа гласачко право, тоа се лица кои користат некакви привилегии или чувствуваат некаква доверба во актуелната власт во моментот. Дали се работи тоа на локално или на државно ниво независно, ќе се овозможи да во првиот изборен круг се дава поттик на апстиненцијата. Значи со изборниот круг , изборниот цензус од 30% излезеност за да може да биде избран градоначалник во првиот изборен круг се поттикнува апстиненцијата, односно мотивот на девалвација на противкандидатите , дискремитација и се создава еден простор за недоволно демократска кампања која што може да доведе до различни инциденти за кои што бевме сведоци во повеќе циклуси наназад и на тој начин сметам дека изборниот цензус од 50% треба да се задржи за птвиот изборен круг, затоа што факт е дека на овој начин не се добива ништо туку само се создава една напнатост во текот на изборната кампања и создавање на мотиви за зголемување на процентот на апстиненција од сите оние кои што се незадоволни од били кои причини за успешно спроведување на изборниот процес.

Сметам дека за ова прашање треба да се размисли , не претставува некаков политички интерес од висок приритет да биди 50% или 30% затоа што и во едниот и во другиот случај мора да биде повеќе од половината од излезените гласачи за да добие легитимитет градоначалникот кој што бил избран, меѓутоа, ако е 50% верувајте дека на тој начин и самиот градоначалник а и самите учесници во изборната кампања ќе можат на еден нормален начин да ја водат таа кампања и ќе се отстранат сите оние можности за притисок за во првиот изборен круг да се избере кандидат за градоначалник на начин на кој што нема да претставува реално остварување на изборната кампања и мотивирање на граѓаните да излезат на гласање. Или поинаку кажано на овој начин признаваме дека не се очекува голема излезеност од страна на граѓаните заради состојбата во која се наоѓаат тие. Значи да не се случуваат работи кои што навистина немаат политички интерес за да се случат. Најдобро е да си остани она решение кое што го имавме досега а тоа е 50% излезеност и на тој начин секако се оди во втор круг. Во вториот круг решението е повеќе гласови кој од кандидатите ќе добие тој да може да биде избран за градоначалник на таа општина.

Од овие причини, апелирам до министерот тука како предлагач на овој закон , да не се создаваат можности за манипулации со оваа работа зато што не претставува прашање од толку битно значење за да се крева толкава прашина.

Од друга страна решението , тоа сакав да го кажам во однос на овој дел во однос на решението дека првите двајца кандидати кои што имаат освоено најголем број гласови во првиот изборен круг , доколку небиде исполнет овој услов за кој што зборував претходно тоа е добро решени затоа што факт е дека тие што имаат најмногу гласови во првиот круг се најлегитимни да одат во политички натпревар во вториот круг од изборите, и на тој начин оној кој што ќе добие повеќе гласови тој ќе биде легитимен градоначалник на таа општина. Значи тоа е решение кое што е подобрување на постојниот текст на Законот за локални избори.

По однос на членот 60 од Законот за локални избори каде што стои дека нема да се распишат односно бришењето на членот 60 фактички значи дека нема да се распишат предвремени избори ако до редовните има помалку од шест месеци. Тоа е едно решение кое што се однесува заради да не се прават дополнителни избори, поради тоа што мандатот и новоизбраниот градоначалник би траел до редовните избори. Меѓутоа, прашањето кое што не е решено со овој Предлог закон на кој што сакам да укажам е тоа дека кој ќе биде градоначалник во овие шест месеци, нема решение. Дали тоа ќе биде претседавачот на Советот, дали тоа ќе биде некој функционер од локалната самоуправа, директор на администрацијата, раководител на управните служби, навистина, овде во овој закон постои само бришење на членот 60 од Законот за локални избори каде што се вели дека до шест месеци нема да се распишат избори вонредни ако му престане мандато на градоначалникот, но не е решено кој ќе биде градоначалникот односно кој ќе ги врши фунциите на градоначалник до спроведувањето на редовни избори за градоначалник.

Во членот 57 од овој Предлог стои дека члнот 60 , зборував досега за Предлогот кој што го има доставено Владата за измени и дополнувања. Со членот 57 од овој Предлог за измени стои дека членот 60 од постојниот од постојниот Закон за локални избори се менува и гласи, сега да не го читам како е точно е наведено, меѓутоа, се однесува на тоа во кои случаи Изборната комисија го поништува гласањето на гласачкото место. Имавме повеќе примери каде што во последните претседателски избори се докажа тоа дека Изборната комисија кажува дека бројот на гласовите не влијае на вкупниот резултат. Тоа е образложението и на тојначин фактички се отфрлаат сите приговори независно дали во таа кутија биле наполнети ливчиња, дали тие сами дошле во кутијата, или некој навистина ги донесол, ги пуштил во таа кутија остварувaќи го наредовен законски начин своето демократско право на гласање. Значи во ова решение кое што се предлага сега стои дека бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија ако е поголем од бројот на избирачите

што гласале а тој број влијаел на резултатите од гласањето на ниво на општина или Градот Скопје, во тој случај може да биде поништено гласањето во тоа избирачко место. Меѓутоа, дали и кој е тој број кој што влијае на вкупните резултати од гласањето, дали тоа претставува само оние неколку ливчина кои што се повеќе, или пак претставуваат сите ливчиња, односно сите гласови од тоа избирачко место.

И, уште едно прашање дали само гласањето на тоа избирачко место може да се земе одделно од гласањето во други избирачки места затоа што ако се примени тој принцип дека ова гласачко место не влијае , другото гласачко место не влијае , третото не влијае , а сите три, четири или пет гласачки места заедно влијаат на резултатите од гласањето тогаш тоа треба децидно да биде наведено во Законот, затоа што на овој начин како што сега стои решението се оставам голем простор за дискрециони повластувања на општинските изборни комисии кои што ќе можат сами да толкуваат дали само се однесува на гласачкото место, само се однесува на гласачките ливчиња кои што се вишок во тоа гласачко место или на сите гласачки ливчиња од тоа гласачко место или заедно на сите оние гласачки места каде што се појавува зголемен број на ливчиња повеќе одколку оние лица кои што гласале на тие избирачки места.

Вкупниот број на тие гласачки ливчиња има директно влијание на вкупниот резултат на општинските, во локалните избори или тоа не е случај.

Исто така, последната алинеја од овој предлог гласи:

“Изборната комисија со решение го поништува гласањето на гласачкото место во служаите ако некое лице или лица гласале за други лица или за други лица а бројот на тие гласови влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и на Градот Скопје”.

Прво прашање, дали може некој да утврди колку ливчиња имаат ставено тие лица? Или тоа лице?

Второ, дали само тие гласачки ливчиња што би ставиле се земаат предвид при утврдување на законитоста на остварувањето на изборниот процес, односно на гласањето на тоа избирачко место? Значи, ако се случи да има гласање за други лица, односно уфрлање на ливчиња во избирачките кутии, не може да се остави простор изборната комисија да утврдува дали треба или не треба да се поништи гласањето на тоа избирачко место, туку неопходно е потребно да се утврди дека, доколку има ваков вид на гласање, се поништува гласањето на тоа гласачко место. Затоа што овде се создава голем простор за нејаснотии и за донесување на одлуки

од страна на изборните комисии кои што можат да бидат, на крајот на краиштата и различни, во зависност од општинската изборна комисија. На пример тетовската изборна комисија може да донесе една одлука по однос на тоа прашање, во Скопје друга, во Штип трета одлука и на тој начин се доведуваме во ситуација ДИК со свое упатство да носи решенија што се предмет на регулирање со закон.

Понатаму, имаме бришење на членот 66 од Законот за локални избори кој што член вели дека доколку советот не го донесе буџетот ни по истекот на рокот со кој е воведено привремено финансирање, најдолго за шест месеци, Владата на Република Македонија ќе го распушти советот и ќе распише предвремени избори. Овој член сега се брише. Прашањето е зошто тоа се прави или кое ќе биде решението доколку навистина градоначалникот има визија, предлог за еден вид на буџет што е усогласен, согласно макроекономската политика на Владата, усогласен со финансиските институции, односно Министерството за финансии, а исто време се случува советот да не го прифаќа тој предлог и повеќе од шест месеци. Дали на овој начин не се отвора простор за блокирање на простор за работата на локалната самоуправа или за постојано времено финансирање на локалната самоуправа. Затоа што и во самиот Закон за буџетите стои дека е неопходно да биде ограничено временото финансирање на три односно уште три нови месеци до шест месеци максимум. Значи, доколку советот и градоначалникот не можат да ги утврдат приоритетите, не можат да утврдат на кој начин ќе се распределуваат, ќе се утврдат приходите и расходите во конкретната општина, тогаш ако тоа и не можат да го направат и за период од шест месеци, неопходно е да се реши оваа ситуација на начин што ќе мора да ссе донесе буџетот на таа општина. Ако не постои решение со кое што се носи буџетот на таа општина во согласност со законските прописи од оваа област, тогаш треба одговорност за таа работа да носи или градоначалникот или советот.

Во досегашното решение стоеше дека советот, доколку за шест месеци не успее да го изгласа буџетот на општината, се распушта. Овој Предлог за измени на Законот за локални избори во него стои дека тоа од сега натаму нема да биде случај. Значи, треба да се изнајдат соодветни решенија по однос на ова прашање. Тука има дел во Законот за локална самоуправа, каде што треба да се преземат некои работи, меѓутоа имате и во самите статути на општините каде што се појавуваат навистина дилеми по однос на што ако градоначалникот, понатаму зборувам, не во контекст на ова претходно што го кажав, што понатаму ако градоначалникот го троши буџетот на различни начини што несоодветствуваат со

буџетот што го носи советот и дали има санкции што треба да бидат превземени, зборувам за локално ниво и кој треба да ги превземе тие санкции ако не е извршен во меѓувреме ребаланс на тој буџет, да бидат ставени бројките во согласност со реалните приходи и расходи што се остваруваат во буџетот. Тоа е таа точка.

Понатаму, во однос на членот 9 од Уставот, сакам да ви го прочитам членот 9 кој децидно вели:

"Грѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба". Значи, еднаквоста по слободите и правата, еднаквоста во законот треба да биде за сите подеднаква. Носењето на решенија што се однесуваат на специјални права на лица кои припаѓаат на различни полови, на различни раси, на различно национално или социјално потекло, политичко или верско убедување, имтна или општествена положба, претставува противуставна категорија. Ова е тема за која што може многу долго и широко да се раскажува, затоа што ако зборуваме за нееднаквоста во Република Македонија, тоа навистина ќе не одведе многу далеку. Факт е дека во голем број на случаи овој член од Уставот се применува само по исклучок. Меѓутоа, ние, како парламентарен дом, како Собрание, како претставници на сите граѓани на Република Македонија овде сметам дека сме должни да го почитуваме членот 9, односно да не носиме или предлагаме законски решенија штпо ќе значат дирекно противуставно решение.

Ова се однесува пред се на бројот на лицата од женски пол што се предлагаат да мора да бидат предложени во листите на кандидати. Значи, ако сме еднакви сите, ако имаме исти шанси, тогаш сите според своите способности, своите можности, своите квалитети. Треба да се избориме само така и на таков начин да биде што поголема застапеноста. Меѓутоа, ова е покомплексно прашање. Не се работи само за бројка што треба да биде присутна на листите на кандидати и учеството на жените во политиката, туку треба да биде за вкупниот статус на жените во државата, каде што треба да се види зошто е тоа така и што треба да се направи за да се надминат овие состојби. А, донесување решенија од типот 30% жени да бидат во горниот дел на листата, 30% жени да бидат во долниот дел на листата, не претставува ништо друго, туку искажување на едно гледање во кое што мажите се ставаат во улога, односно се потврдува дека биле до сега во една доминантна улога во политиката и дека само на овој начин може да се надмине некоја таква ситуација.

Ако е тоа така, тогаш навистина треба да се надмине оваа ситуација. Меѓутоа, треба да се надмине со реален ангажман на жените, со нивни политички активности, со нивна квалитетна работа и на тој начин не 30%, можат и 70% да бидат во листите. Меѓутоа, тоа да биде резултат на нивниот ангажман.

Или, ако веќе зборуваме за неуставно поставување на работите, зошто тогаш да не го поставиме ова прашање на различен начин. Најмалку, односно најмногу 70% мажи да бидат застапени во листите?! Тоа би била истата последица, како што сега се кажува најмалку 30% жени да бидат на листите на кандидати за пратеници. Оваа директно е спротивно на членот 9 од Уставот на Република Македонија имајќи го Уставот пред себе и имајќи го предвид ова решение, апелирам да се изземе оваа, навистина, работа што треба да се решава во рамките на политичките партии или предлагачите на листи внатре, во себе си, во своите процедури за утврдување на кандидати, а не тоа да биде решение што е задолжително и што произлегува од законското решение.

На крајот, во однос членот 28, каде што, во однос на изборната кампања, тој гласи дека изборната кампања започнува 30 дена пред денот определен за одржување на изборите и не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите. Тоа решение е преземено од постојниот Закон.

“Советот за радиодифузија е должен да ги следи програмите на електронските медиуми во Република Македонија за време траењето на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите.

Советот за радиодифузија е должен веднаш по утврдувањето на неправилностас” и тука е наведено “агитирање, информации поврзани со изборната кампања, рекламни пораки со кои се врши претставување на партиски програми и партиски симболи, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од телекомуникациите, односно Управата за телекомуникација”.

Во наредниот став, веднаш стои “Управата за телекомникации е должна веднаш по приемот на известувањето да донесе решение за одземање на радиостаницата на имателот кој ја направил неправилноста во траење од 48 часа”.

Дали со ова не се создава една можност секое радиодифузно друштво да може да биде предмет на одземање на нивната опрема заради тоа што Советот за радиодифузија утврдил дека има некакви неправилности или агитација во однос на денот на изборите или пред тоа? Значи, доколку постои ваква строга санкција, мора да биде многу точно утврдено, дефинирано што претставува агитирањето, што претставуваат нформациите што се даваат и поврзани се со изборната кампања и

какви се тие рекламни пораки со кои што се врши претставување на партиски програми или партиски симболи во овој процес? Значи, да се не злоупотреби оваа одредба треба многу попрецизно да бидат утврдени околностите и условите што треба да бидат исполнети за одземање на радиостаницата од имателот, со донесување на решение од страна на Управата за телекомуникации.

На крајот, се надевам дека преку амандманската расправа ќе успееме да дојдеме до подобри решенија за одредени прашања. Меѓутоа за тие конкретни прашања ќе зборуваме тогаш кога ќе биде на дневен ред амандманската расправа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Стојановски.

За амандманската расправа, изгледа според заинтересираноста, ќе причекаме малку.

Прво се јави министерот за правда.

Повелете господине министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе.

Би сакал едно појаснување да дадам по однос на две забелешки од последниот дискутант, пратеникот.

При подготвување на текстот на Законот за локални избори перманентно сме ги имале во увид и предвид одредбите што ги има Законот за локална самоуправа, да не се косат одредбите на Законот за локални избори со одредбите на Законот за локална самоуправа.

По однос на прашањето како е можно да се, ако така го разбрав, да се распушти советот ако не го донесе буџетот, тоа е одредба во системскиот закон што е на сила. По сила на закон се распушта советот ако не биде донесен буџетот, тоа е одредба на Законот за локална самоуправа.

По однос на стравувањето, без разлика од кои причини, ако одредена општина остане без градоначалник, дали во случаите кога по сила на закон ќе му престане мандатот, или пак од друга страна што сега предлагаме со членот 55, имавме можност да немаме формално покритие, законско, што во случаите што не се предвидени во Законот за локална самоуправа, а се случуваат во пракса. Ние знаете дека 2000 година, во една општина не успеавме да одржиме избори. Така

што со новите решенија, ако гледате во членот 55, со што го менуваме членот 58 ја предлагаме и таа варијанта, односно таквите можности да ги бајпасираме со цел да се спроведат дополнителни избори.

По однос на стравувањето ако по било кој основ на градоначалник му престане мандатот, што до изборот на нов мандат? Ова прашање сметаме дека има место во Законот за локална самоуправа и таму е до крај уредено. Има пропишана постапка во членот 54 според која, како се известува ресорното министерство, па потоа ја известува Владата и како се распишуваат избори и тн.

Последно прашање што беше поставено, зошто во последните 60 дена, ако има уште 60 дена до редовните избори односно шест месеци до редовните избори, зошто да остане да нема можност да се организираат предвремени избори. Бевме принудени во Законот да го ставиме тоа, затоа што е буквално одредба што е преземена од системскиот закон, во Законот за локална самоуправа.

Се јавив само за објаснување на одредени прашања, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Госпоѓа Лалчевска има реплика на господинот Стојановски.

Повелете, имате три минути.

После за реплика е госпоѓа Ристова Каролина.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА.

Благодарам господине претседателе, би сакала да реплицирам на господинот Стојановски околу членот 15-а од Предлогот за измени и дополнувањља.

Господине Стојановски, во Предлогот стои дека во предложената листа на кандидати за членови на советот на општина на Градот Скопје, секој пол ќе биде, повторувам секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%. Значи, овде не се работи за некаква посебна одредба за жените, ако вие така си ја преведовте овде. Се работи за секој пол. Значи рамноправност на половите. Воопшто, не се работи за одредба што е во судир со Уставот, односно според вас што е неуставна. Сосема е во ред одредбата и сосема е во согласност со она што се вели во Уставот. А Уставот вели рамноправност на половите. Ова е еден чекор напред господине Стојановски да дојдеме до рамноправност на половите. Оти, вие самите, дефакто признавте дека нема рамноправност на половите. Јас мислам дека не треба да го спорите напорот и

чекорот напред во демократизација на општеството и во рамноправност на половите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате контра реплика или не? (Не).

Збор за реплика има господинот Витановски, повелете.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Јас ќе реплицирам за членот 52 за кој најмногу се дискутираше овде и колегата Блаже, во својата дискусија кажа некои работи што мислам дека не држат. Кажува вака, колку што можев да го слушнам. Вика, власта ќе примени методи на притисоци и заканување за да не излезат гласачите, а оние кои ќе излезат се луѓе кои имаат привилегија и се луѓе на власта и ќе имаат апсиненција. Значи на крајот, вие ќе ги изгубите изборите, по ова што го збориш ти. Ова е апсурд и не држи. Ако вие во вашата партија имате методи на притисоци и закани , ние во нашата немаме. Оваа одредба според тоа сметам дека овозможува, брз и ефикасна изборна постпка и во кус рок во еден круг да се изврши избор за градоначалници. Да се потсетиме и на некои работи дека сите проблеми во локалните избори ги имавме меѓу двата изборни круга . Со оваа одредба и овој цензус ние ќе овозможиме тоа да не се случува понатаму. Инаку секој граѓанин што наполнил 18 години има избирачко право и тоа никој не може да му го одземе. Поради тоа мислам дека со никакви методи тоа не може да се направи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски имате контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас во мојата дискусија имав ги имав предвид претседателските избори каде што се случуваше пликчињата сами да одат во избирачките кутии. Со цел да не се случи избирачките кутии да бидат наполнети, согласно потребите на валста затоа што власта е одговорна за спроведувањето на фер и демократски избори, го спомнав тоа дека на овој начин не може да се реализираат фер и демократски избори, до колку тој цензус не се зголеми на 50%, а и овој од 30% само поттикнува апстиненција односно недоволно легитимитет на евентуално избраните

градоначалници затоа што тие со 1/6 од вкупниот број на гласачи во таа општина, стануваат градоначалници, по 10 иљади жители, со 1500 жители може да стане градоначалник, а каков е неговиот легитимитет, тоа самите можете да го оцените.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

И јас би имала кратка реплика на дискусијата на колегата Блаже Стојаноски, баш во оној дел каде што дискутираше по Предлогот за донесување на измени во Законот за локални избори кои измени и дополнувања се однесуваат на делот за рамноправна застапеност на двата пола односно на листите н акандидати да се најдат најмалку по 30% застапеност од двата пола. Кажуваме дека најмалку со 30% треба да бидат застапени жените, како што во неговата дискусија преовладуваше. Зошто толку му смета на колегата Блаже Стојаноски таа законска определба што се предлага и зошто смета дека тоа е во спротивност со Уставот на РМ. Напротив, сметам ако не постојат тие определби, еве како што беше и претходно со Закон за избор на пратеници и сега со овој закон за локални избори, жените се нерамноправни. Фактички не е почитувна определбата од Уставот дека сме рамноправни. Токму поради таквите сваќања и на некои други учесници во политиката кои прават такви бариери, влезот е отежнат. Кои се тие негови критериуми дека жените не треба да имаат задолжителен влез, туку треба да имаат влез односно некои негови критериуми за ангажман. Зарем ангажманот на жените во сите сфери на живеење, на работење, во работните средини и сл., не е еден критериум , еден услов дека тие тој свој труд треба да го валолизираат и со политичко делување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски имате контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сега ќе одговорам затоа што сакам да биде јасно за што станува збор.

Во член 9 стои дека граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, боја на кожа, националност, социјално потекло, политичко и верско убедување, имотна и општествена положба. Зошто во овој член не направивте 30% да има застапеност најмалку од двата пола, од различно верско убедување, лица со определена имотна состојба, лица со различна национана приапдност и т.н. Значи зборуваме за еднаквост на граѓаните пред Законот и пред Уставот. Ако сите сме еднакви не може да биде специјално решение со закон да претставува обврска на политичките партии или на групите предлагачи на кандидати за советници, да можат или да мораат да предлагаат одреден процент на лица со определен пол.

Јас би ве прашал, зошто не донесете решение одреден процент од градоначалниците во РМ да бидат жени. Истото решение, 30% на ниво на Република да бидат жени, ако веќе сакате реално да се поставувате и работите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен за реплика се јави госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Навистина не ми е јасна дискусијата на колегата Стојаноски бидејки ова прашање е нешто што практично е меѓународен стандард, ваквите решенија.

Она што сега го потегна како прашање, во смисла зошто не сите категории што се наведени како основ за дискриминација односно недискриминација, одговорот е дека токму полот е најчестиот основ за дискриминација заради низа културни и други фактори во општеството. Пак ќе повторам, зошто да развиваме дебата околу нешто што веќе е обмислено и во Европа па и пошироко во светот како правно решение, за изборното законодавство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски имате контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Навистина целта ми е преку реален ангажман, преку квалитетно живеење и во сите области на општественото живеење да може да се дојде до подигање на нивото на учество на жените. Меѓутоа на реални принципи, а не со вакви декрети за кои сега станува збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивме со репликите. Сега одиме на дискусија.

Има збор г-динот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денес имаме Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори, со Предлог на закон.

Тој закон се гледаше на комисии, реагиравме на соодветен начин за носењето по итна постапка и т.н.

Дискусиите на моите претходници , поготово на г-динот Блаже Стојаноски се во правец на многу забелешки кои се истакнати по однос на законот. Јас само би напоменал две работи во врска со измените со 30%.

По мое убедување можеби требаше да се направи по подробна анализа што тоа би значело во реалност, излезени минимум 30%. Се поставува прашање зошто не 40 или 35%, или едноставно анализата е таква и такви се сугестиите што се дава еден процент кој не е плод на егзактно толкување на она што се вика работа на терен. Но, во ред, не би сакал да се повторувам со г-динот Стојаноски и другите пратеници кои ја кажуваат негативата по однос на процентите. Тоа ќе го оставиме на времето, времето ќе си го каже своето. По мое длабоко убедување, ако сакаме да имаме легитимитет на градоначалниците, едноставно треба да остави тој процент од 50%. А тоа зоштоне излегува народот, треба сите ние, поготово тие што се занимаваат со политика и на локално и на државно ниво, длабоко да се замислат зошто народот не излегува. Дали е тоа што немаат доверба во политичарите, нема доверба во Владата, локалната управа и т.н. и не секогаш да бараме оправдување само кон едната страна, народот не излегува и ако не излегува, дај сега со смалување на цензусот. Се псотавуа прашањето зошто цензусот во иднина да не биде не 30, 15 или 20%, едноставно да имаме ситуација врз основа на проценти и пак проценти и проценти, да се избира и да се оди напред.

Јас само ќе повторам. Сме аплицирале за влез во ЕУ и тоа ќе биде вовед на дискусијата по однос на членот 46. Се прашувам дали тие проценти ќе бидат важни во ЕУ или ќе бидат важни граѓанските права и слободи каде ние како луѓе кои ја практицираме власта треба со нашата работа да му вратиме на народто што не избра. Очигледно дека во овој период, без разлика за која власт се работи, тоа не

сме го направиле и длабоко треба да се замислиме што правиме, како правиме и наите предлози да бидат издржани.

Јас нема да дискутирам за другите точки, бидјеки веќе многу работи се кажаа. Ќе ми дозволите за член 46, што впрочем поставив прашање на самата комисија, до претставниците на Владата и таму добив одговор дека тоа е политичко прашање дека нема одговор. Сметам дека во овој член уште еднаш се обидува да се воведе некоја дозирана демократија, што апсолутно не ми е прифатливо.

Ќе дозволите да го прочитам член 46 за да објаснам што значи и ќе барам одговори и ќе сугерирам како треба да изгледа тоа , ако сакаме граѓански концепт каде нема да иамме подвојување, фаворизирање, нема да имаме начини да кажеме овој има право, тој нема право. Едноставно граѓаните ќе имаат право и обврска да предлагаат, можеби и самите да се предложат, да бидат бирани и да бираат.

Членот 46 вели: “Гласачкото ливче се печати на макеоднски јазик и неговото кирилско писмо. Во единицата на локална самоуправа во која најмалку 20% граѓани зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, гласачките ливчиња се печатат покрај на македонски јазик и негово кирилско писмо и на службен јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа единица на локална самоуправа”. Апсолутно тоа е во согласност со Уставот, со Законот , со тие измени што се направени и јас во овој дел немам никаков коментар.

По ставот 12 се додава нов  став 13 кој  апсолутно не е потребен или пак ако веќе се прејудицира овој став да биде, на некој начин можеби треба да биде ублажен. Вели: “ Ако на подрачјето на Град Скопје помалку од 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, во гласачкото ливче името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на макеоднски јазик и негово кирилско писмо, а за припадниците на другите заедници името на подносителот на листата и името и презимето на носителто на листата се пишуваат на макеоднски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие припаѓаат”. Ставовите 13, 14 и 15 стануваат ставови 14, 15 и 16. Навидум нема ништо спорно. Но мислам дека има многу спорни работи.

Ќе се обидам најкратко неодземајки ваше внимание да го образложам моето гледите врз основа на ова изнесеното. Сето тоа во првиот пасос вели добро, 20% на локалната самоуправа. Тоа го апсолвиравме, рековме дека ако има над 20% што во дадем момент реагирав , зошто 20%  едноставно тоа се измените на Уставот и така стои. За Град Скопје, се воведува нешто што мислам дека е преседант. Или ако се

воведува зошто тоа не се прави низ цела Македонија, едноставно се вели за помалку од 20%, во Скопје заедници сите, нема ниедна заедница над 20%. Ако веќе се вели за помалку од 20% , а би бил вака среќен, ама очигледно г-динот министер не наоѓа сродно да ги коментира овие работи, но нејсе, тоа е отом потом , ќе зборуваме за таа работа. Ако се зборува за помалку 20%, што мене ми е прифатливо, ама да биде во сите средини, тоа да важи и за другите , а не само за Град Скопје, ама се враќаме наназад веќе ако зборува службен јазик. Значи во Скопје имаме ситуација, албанци има 17, 18% ама службен јазик е 20% , може да се користи службениот јазик. Другите заедници не се 20% ама не можатпак да допринесат или да истакнат своја листа. Ја предложив, ама незнам дали тоа ќе се прифативи , веоватно нема да се прифати. Овдека зборував службен да не постои. Едноставно ако веќе бараме помалку од 20%, тогаш не треба да ги катекоризираме другите заедници во однос на колку посто имат или кој е службен или не службен јазик. Или бар да се повикуваме она што веќе сме усвоиле во рамки на Уставот, во рамки на промените и да на локално ниво бидат тие 20%. Многу практично, тоа значи дека во Скопје ако има 5% турци , не можат да дадат, иако зборуваме за помалку, бидејки немаме квалификација колку е тоа помалку од 20%. Едноставно што турскиот јазик не е втор службен јазик, не може да истакне кандидат или кандидациона листа на свој мајчин јазик. Мислам дека тоа е недозволиво. Ако веќе се прави таква отстапка, ваква отстапка треба да се прави секаде низ Македонија, во сите локални самоуправи, без зборот “службен јазик”. Мене ми е прифатливо, но и во тие средини каде штои од другите заедници има повеќе или помалку, да може впрочем по нивно барање, имавме ситуација каде што и на турски јазик се дозволи и за албанците и другите јазици на заедниците, да можат на нивно барање да имаат сопствена легитимација. Значи ли тоа дека во дадени моменти ќе имаме дозирана демократија, ќе дадеме или нема да дадеме, врз основа на проценти или врз основа на некои политички договарања. Пак Ќе повторам, првиот дел од овој член ми е прифатлив и тоа е инкорпорирано во законот. Овој вториот дел, мислам дека се внесува нешто на мала врата. Пак ќе повторам, тоа е дозирана демократија.

Министерството за правда да ја земе предвид оваа работа. Ако се избришат зборовите “службен јазик”, мислам дека ситуацијата е прифатлива и во тој случај сите заедници во сите локални самоуправи, вклучително и во Скопје, да можат да си дадат свои кандидациони листи на македонски јазик и на својот јазик, што мислам дека не е хандикеп туку е придобивка на цивилизацискиот начин на живеење. Ако тоа вака се прифати, апсолутно, другите заедници не само што се ставаат во трета

категорија, се ставаат во многу подолна категорија. Едноставно со тие проценти се става бариера за да не можат тие да си ги остварат своите права и обврски кои потекнуваат од избирачкото право на секој граѓанин. Имаш право, а и немаш право. Имаш право во еден момент, ама и немаш право затоа што се ставаат зборовите “службен јазик”. Мислам дека тоа е недозволиво.

Ќе ми дозволите да кажам неколку збора во однос на Европската унија.

Се поставува прашањето дали има ограничување на користење на малтешкиот јазик и на англискиот јазик во Европската унија. Нема ограничување. Зошто пак би имало ограничување на користењето на јазици во Македонија, ако има потреба, на локално ниво. Или пак, едноставно, во одредена ситуација имаме таква потреба, имаме таков договор, тоа ќе го направиме вака, на мала врата ќе внесеме, а другите заедници едноставно се безгласна буква, на ниеден начин не им се дозволува. Барем во тој сегмент на избирачките права да си го користат својот мајчин јазик.

Не би должел повеќе само на крајот би констатирал, ако овој член се сака да остане вака, мојот предлог во Комисијата беше зборовите “службен јазик”, да се избришат. Едноставно членот да фигурира како што е, а ако на одредено подрачје има помалку од 20%, да не стои “службен јазик”, и да имаат можност на гласачкото ливче да ја користат својата азбука, ако не во тојслучај да се примени законот, а не да се прават делумни решенија со што на една заедница ќе и се дадат повеќе права, а на друга помалку. Еднаш за секогаш треба да се расчисти една ситуација дека одиме во правец на граѓанско општество, граѓански концепт, а во тој граѓански концепт нема да имаме бариери каде што процентите ќе играат најважна улога.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ќахил.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

Денеска втор ден расправаме за еден закон од низата во минатото и такви ќе имаме и во понатамошниот дел од денешната расправа, кој Владата се обидува да ги спровне во Собранието, користејќи го сопственото парламентарно мнозинство и како обично и другите што досега сме ги разгледале и овој претпоставувам е

подготвуван во некаква псевдоинтелектуална лабараторија, каде што од прилика верувам дека авторите на тие текстови се трудат на една страница ако има 40 до 50 редови по сопствено наоѓање без оглед дали има смисла или нема смисла мора да се спомне најмалку десетина пати незнам нашата евроатланска определба, зачленувањето во евроинтеграциски текови, современи текови и слично. Значи да се задржи некаква формула од која отсуствува апсолутно било каква квалитативна содржина.

Втор ден денеска слушаме дека цензусот на гласачите во земјите во Европската Унија или земји кои се далеку на повисоко економско скалило отколку што е Република Македонија или го намалуваат или воопшто не постои такво нешто, и притоа се занемарува еден основен факт за кој некој колеги и во текот на денешнава расправа зборуваа. Имено, целта на таквите иницијативи или законски решенија во таквите земји е мотивирана со цел да се поттикнат сопствените граѓани да учествуваат што е можно повеќе во јавниот живот, а согласно човечките права и демократските права основното, појдовно е правото на глас и правото на избор. За жал во Република Македонија согласно политичката платформа која што се спроведува во Република Македонија целта со симнувањето на цензусот за претстојните локални избори е мотивирано од свеста кај владеачката гарнитура дека таа во Република Македонија воглавном произведува незадоволство, апатија и рамнодушност кај сопствените граѓани, кој пак како резултат на тоа чувствуваат дека дали гласале или не гласале тие битно неможат да влијаат на решенијата кои ќе ги преземаат владините институции, или пак дека тие решенија, воглавном нема да ја променат пред се нивната матерјална, односно егзистенцијална положба. Тоа се два различни мотива присутни во земјите на Европската Унија и мотивот од кој поаѓа владеачката гарнитура во Република Македонија. Навистина ако нешто може да се честита на Владата која е во оставка  и која не гледам дали има воопшто претставник во Собраниево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, ве молам причекајте.

Го молам министерот да влезе во салата.

Продолжете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи единствено може да се честита на брзината која актуелниот министер во оставка реагирал согласно искуството кое го помниме од последните вонредни претседателски избори и свеста дека економските резултати се вкупната

општествена клима во Република Македонија, ги одвраќа граѓаните да го користат правото кое е дадено со Уставот односно да излезат на избори и да го дадат својот глас. Секој друг обид особено од владеачката гарнитура тоа да го прикаже како некако позитивно искуство кое е превземено, согласно, нели нашите евроатлански определби, во најмала рака звучи гротестно, затоа што првенствено високиот неодзив на гласачите во последните претседателски избори е сериозен удар за политичките гарнитури, пред се од владеачката коалиција, се разбира и во целина се однесува на пратениците застапени во Собранието на Република Македонија, без оглед на која страна од салата седат.

Понатаму, решенијата кои предлагачот и препорачува да бидат прифатени, а кои се однесуваат на неправилноста во искуството ни остануваат последните претседателски избори на кој начин функционира Државната изборна комисија на кој начин функционираат одредени општински изборни комисии и доколку ова остане така како што е предложено од предлагачот верувам дека наскоро следуваат и промени во Кривичниот закон на Република Македонија затоа што претпоставувам ако некој кој ограби филијала на одредена банка било каде на територијата на Република Македонија а сумата пари која ќе ја ограби не влијае на ликвидноста на самата банка, следствено на тоа не би следело никакво санкционирање на таквото дело. Значи терминот не влијае битно на изборите, е целосно неприфатлив, затоа што или делото е сторено или не е сторено. Мислам тука нема средина и јас неможам да сватам со какви, претпоставувам паранормални способности, одредени членови на избирачките комисии ќе успеат да го одделат оној број на неправилно уфрлени гласачки ливчиња во избирачката кутија, од оној кој е регуларно израз на волјата на граѓаните и значи може да речеме ако е разликата 4000 гласови, 1500 гласови навистина не влијаат на конечниот исход, но Министерството за правда вели дека тоа е така. Значи имаме проблем и би требало барем Министерството за правда да излезе со некој цензус согласно избирачите запишани во единствениот избирачки список во рамките на единиците на локалната самоуправа кој е процентот и кој е прагот на толеранција што владеачката гарнитура може да си го дозволи и тоа да не биде оквалификувано како прекршување на правилата за спроведување на изборите.

Конечно, и денеска втор ден дебатираме околу прашања врзани со членот 9 од Уставот на Република Македонија, верувам дека е резултат на истата активност, значи резултат на псевдоинтелектуалните размислувања.

Сакам да потсетам, гледајќи го овој обид како еден изолиран чин навистина не би претставувало ништо посебно, но сепак се навлегува во основните човекови права и слободи. Значи, ние на одреден начин велиме дека нема да поддржиме или не посакуваме во Република Македонија листа на граѓани да предложат целосна листа составена од припадници на едниот или на другиот пол или воопшто нема да им дозволиме да ја застапуваат својата политичка програма група граѓани кои самоиницијативно се обидуваат на регионално или на локално ниво да влијаат да ги променат нештата во една или во друга насока. Значи, не станува збор за или против, туку како е дојдено на идеата токму таа бројка да биде одбрана без апсолутно да се води сметка дека можеби постојат иницијативи на територијата на Република Македонија, постојат и други лоби групи кои можеби се борат за зголемување на истата бројка која е предложена или евентуално има намера во иднина да се борат за намалување.

Сакам да потсетам дека жестоки дискусии на тема која се обидува да ги интегрира или да им ги направи јавните функции достапни на сите граѓани на Република Македонија уште во текот на минатата година сите 120 пратеници на Република Македонија, мислам дека се формираше одредена таканаречена лоби групација во Собранието на Република Македонија која треба да зборува погласно или да дејствува погласно во насока на заштита и стапување на правата на луѓето со одредени физички недостатоци, но јас не се сеќавам дека таа лоби групација било каде овде на пленарна седница го покренала прашањето дека на одредена категорија државјани и граѓани на Република Македонија прво физички им се недостапни институциите на системот почнувајќи од зградата во која ние работиме свесни сме дека многумина од нив не се во состојба сами да се сретнат со пратениците во зградата на Собранието на Република Македонија.

Затоа мислам дека овој предлог и амандманот се само фрлање прашина во очи за да се истакнеме себе си колку сме демократични или колку сме за рамноправност, но сепак ќе истакнам дека всушност станува збор повеќе за одредено ниво на демагогија и задржување на некаква форма отколку обид навистина нешто квалитативно да се промени не во државата, туку воопшто во општеството.

Не би сакал да должам на оваа тема, но сакам да им посочам на одредени колеги овде во Собранието на Република Македонија дека во последните 8-10 месеци следејќи ги јавните дебати, јавните кампањи на одредени лоби групи, на интересни групации, за жал јас не можам да констатирам ништо друго освен дека

ние граѓаните на Република Македонија кои моментално сме овде во земјава, ние не претставуваме ништо друго, да не употребам некој друг збор, но сепак се чувствуваме дека ние сме всушност нација на дегереници. Би сакал да ве потсетам дека во тие 8-10 месеци имавме кампања во која се убедуваа македонските граѓани дека во секоја втора трета жена во семејството е малтретирана, дека секое второ дете е физички и психички малтретирано од сопствените родители, дека во Република Македонија треба да се почитуваат и некакви неприродни разлики, дека сме биле груби кон животните или кучињата скитници, мислам, кога се гледа како една целосна општествена појава, навистина и тука ќе заклучам ова го сметам само како еден повеќе формален, повеќе обид во прво лице еднина за некој од нас овде да има или мирен сон или да си честитаат самите себе кога ќе останат сами со себе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

Ве молам реагирајте на време, госпоѓа Каролина Ристова има реплика.

Повелете.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Се извинувам колега Караџоски. Добро, очигледно прашањата на цензусот и на квотите не се напуштат, па нема да ги напуштам ни јас. А прво за цензусот колега Трендафилов, мислам дека ја извртувате работата бидејќи цензусот воопшто не ги спречува граѓаните да излезат во помасовен број на избори. Она што ги спречува е да го блокираат или палариизираат функционирањето на политичкиот систем на државата. Исто така цензусот не ја намалува мотивираноста на било која партија во изборите да постигне на самиот ден на изборите повисок степен на излезеност на граѓаните, со што ќе се зголеми и нивниот легитимитет. Секој сака да влезе во власт со поголем легитимитет, односно со мандата, практично благословен со голем легитимитет. Значи, мислам дека вашата аргументација воопшто не држи. Што се однесува до квотите повторно ќе кажам тие значат унапредување на слободите и правата бидејќи токму на тоа висе се повикавте и ако сакате нешто псеудо интелектуално, јас ќе ви кажам дека неможам да ве разберам како не сакате да ја прифатите, еве реалноста во овој Парламент дека ние од полова структура во овој Парламент воопшто не сме претставнички орган на граѓаните, туку сме една навистинска мажократија. Да сум јас на ваше место, да сум маж, јас да ви кажам искрено би ми се смачило од толку мажи во Парламентот.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господин Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, почитуваната колешка Ристова ги има во предвид партиите, како што на почетокот на нејзината реплика се изјасни, но јас во почетокот на моето излагање на зборував за тоа што и како треба да прават партиите за да ги привлечат граѓаните посебно секоја почитувајќи ја својата индивидуалност. Јас зборував што презема државата во случајот Владата на Република Македонија и што таа им нуди на граѓаните. Значи, зборувам за едно ниво на општествена, на едно ниво на политичка свест која вели кај нашите граѓани, вклучително и ние кои што седиме овде дека ние со нашето излегување на избори, битно не ја менуваме нашата егзистенцијална ситуација. Тоа е основната разлика меѓу она што го преземаат владите даречеме во Европската Унија чиј мотив е да ги привлече сопствените граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов, помина една минута.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Значи еве скоро два дена дебатираме по однос на Законот за измени и дополнување на Законот за локалните избори, и мислам дека сум последен ако не се лажам, би требало да ја завршиме расправата.

Би сакал и јас да дадам некои свои видувања по однос на овој закон. Најнапред да укажам на една состојба која што е честа кај нас во Република Македонија, да обично секогаш ни се предлагаат вакви закони обично пред избори. Значи во иднина не би било лошо да се прекине таа пракса, значи кога барем пред избори да не менуваме закони за да можеме да бидеме спремни да не ги организираме самите избори.

Е сега, друга е работата што пред сите избори, нели како идат така ги менуваме законите, аналогно на тоа мора сега мора да го менуваме и Законот за локални избори, бидејќи очигледно е дека од многуте потреби поради кој што овој закон се носи, една од главните усогласувања се останатите изборни закони. И тоа не е спорно, апсолутно држи место, затоа што Законот за локални избори онака како што е донесен и онака како што е сеуште во употреба е далеку различен од Законот

за избор на пратеници, Законот за избор на претседател на Република Македонија, аналогно на тоа нели треба и е во ред да се пристапи кон една ваква измена.

Јас морам да кажам дека најголем дел од она што се менува во Законот се одредби кои што веќе се содржани во Законот за избор на пратеници и некој за избор на претседател. Со нели, прилагодени врз самиот овој закон, бидејќи се работи сепак за локални избори. Меѓутоа, еден огромен дел, една огромна процедура која што е таму зацртана се применува и овде. Делот во овој закон, значи во измените на овој закон голем број на членови или голем број на измени е употребата на јазикот. Иако тука мора да напоменам дека и покрај оној уставен амандман кој ни го дава правото, нели да се калкулира одредбите за употреба на јазикот во овој закон согласно амандманот нели, кој беше сега 5 или 7, мислам дека во одредени членови се  претера. Јас ќе кажам поконкретно за што мислам. Мислам дека со употреба на јазикот во одредени членови се претера, затоа што се излезе и надвор од рамката од она што го дава Уставот. И еве сега кога сум тука одма сакам да напоменам, се работи според мене за два члена. Тоа е членот 16 став 5 каде што се зборува дека во работата на изборните комисии, избирачки одбори, во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различно на македонскиот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилично писмо во службена употреба е јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на таа и таа единица.

Според мене, јас мислам дека ова е надвор од Уставот, односно од уставниот амандман, а тоа е затоа што се работи сепак за државни органи, а тие се надлежни за спроведување на изборите. Тие немаат локален карактер за да може при нивната работа покрај македонскиот јазик да се употребува и јазикот на другите заедници оние најмалку кои зборуваат 20%. Тоа не е целта на уставниот амандман, а таму е јасно, ако го читаме Рамковниот договор, дека во државните органи, во државната власт во службена употреба е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и тоа не е спорно. Значи, изборните комисии, избирачките одбори треба да ги сфатиме и гледаме како државни органи. Тоа е според мене, што не мора да значи дека е така. Значи, тоа е според мене и имам таков амандман поднесено, кога ќе дојде амандманската расправа ќе видиме дали е прифатливо или не.

Исто така, кај делот на употреба на јазикот членот 46, последниот став, односно претпоследниот, значи за подрачјето на Градот Скопје. Јас сега тука

слушнав од министерот, не ги разбрав амандманите, претпоставувам дека со амандмани е корегирано ова помалку од 20%, затоа што навистина таа реченица не држи далеку е да е во согласност со Уставот, меѓутоа, според мене целиот тој став треба да отпадне. Не можеме сега во Градот Скопје да правиме помалку, повеќе или најмалку 20%, бидејќи од Градот Скопје ќе направиме шаренило, или ќе го поделиме на некакви реони. Мислам дека треба да остане одредбата онаква како што беше, сепак Градот Скопје да биде како посебна единица, да не ставаме вакви одредби. Фактички до претпоследниот став тој член држи место. Според мене би требало да се брише. Тука самиот тој член предизвикува полемики. Инаку и незнам која била целта Владата на Република Македонија што го предлагала да го употреби зборот има помалку од 20%. Дали тоа е чиста грешка, или тоа било нешто намерно. Доколку тоа некој го виде добро, доколку не, да оди така. Верувам дека не била грешка, бидејќи министерот не ни е толку ниско, сепак е човек доста квалификуван, знае што знае помалку, најмалку, многу и тн. А сепак, во правото едно зборче многу менува. Помалку од 20% може да биде и 1%, така да тоа не е интенцијата на уставниот амандман. Тоа е кога зборувам за овие работи, сметам дека усогласувањето за употреба на јазикот, во овие два члена е претерано.

Една од поглавните новини е прецизирањето на датумот на изборите. Тука не слушнав од ниту еден пратеник дека ваквото утврдување на терминот е лош. Напротив, тоа е добра работа, еднаш да знаеме кога се одржуваат изборите и да ги сметаме вака или така, добро е што е тоа месец октомври, добро е што е тоа трета недела, значи секогаш ќе бидеме спремни и мандатите на советниците и градоначалниците ќе траат точно одредено време, а не да им се крати во период на истекот на мандатот, заради она право кое постоеше. Значи, добро е да се знае кога точно ќе бидат изборите, што значи дека нема да доаѓаме во можност да се одлагаат или да дојдеме во некоја фаза каде што немаме точно прецизен датум.

Во делот на изборната кампања, исто така е новина, иако читајќи го текстот на законот изборната кампања, според предложениот закон трае 30 дена. Од министерот слушнав дека се 20, потоа видов дека постои амандман со кои што е регулирано 20, веројатно тоа министерот ќе го прифати, или да го каже во неговото уводно излагање и за разлика од некои други колеги, јас морам да кажам дека за мене е тоа прифатливо. Прифатливо е затоа што станува збор сепак за локални избори и станува збор дека и кај долгите кампањи, не само што прават трошоци, туку и навистина делуваат заморно и за гласачите, но и за самите тие што учествуваат во изборите. 20 дена е сосема доволно барем на локално ниво да се претстават

кандидатите. Да сметаме дека после 20 дена можеби има и втор круг, па две недели, така да има долго време да се претставаат. Јас мислам дека е добро тоа решение, дури и помалку од 20 дена е прифатливо решение. Но, што е тука е и најголемата измена, најголемата полемика околу која најмногу се дебатира тоа е намалувањето на цензусот на една третина, тоа е членот 52 и сега тука мене ни ми се јасни мотивите на предлагачот зошто се одлучил на намалувањето на цензусот. Сега кога сме тука, ако тргнеме од она дека овој закон една од основните причини поради кои што го менуваме е усогласување со другите закони, ќе видиме дека во ниту еден друг закон, значи ниту во Законот за избор на пратеници, ниту во Законот за избор на претседател постои цензус од една третина.

Значи, ако сега тргнеме дека овој закон треба да го усогласиме со сите оние закони и дури министерот во своето уводно излагање кажа дека треба да направиме една рамка на изборен законик, во кој што основните одредби ќе бидат идентични. Сега ќе ми се отвори повторно проблемот, ако во закон за избор на пратеници имаме една одредба по однос на цензусот, ако во Законот за избор на претседател, исто така, имаме друга одредба, по однос на цензусот колку треба да биде, а овде ни се јавува трета можност и сега повторно ќе кажете потреба од некакво усогласување. Дали тоа ќе значи дека оваа одредба доколку помине ваква, ќе треба утре да го менуваме Законот за избор на претседател, па од таму да донесеме одредба дека за избор на претседател треба да биде една третина, ако одиме кон оној изборен законик за кој министерот најави дека таква работа ќе имаме, усогласување на сите битни работи.

Според мене, тука лежи и мотивот на предметот. Владата на Република Македонија не е случајно што предлага сега во Законот за локални избори да се намали цензусот на една третина, затоа што сите последни факти, сите последни настани, особено со претседателските избори зборуваат дека очигледно во Република Македонија дојде време кога и цензусот од 50% е недостижен. А, зошто дојде такво време, за тоа треба сите да се прашаме. Навистина, последните претседателски избори иако беа вонредни, покажаа дека со многу труд, со многу сила и со многу мака, едвај се достигна цензусот од 50%. Според нас, дури не е ни достигнат цензусот од 50%, ако ги елиминираме фалсификатите. Меѓутоа, факт е дека со јак напор, со многу трчање и со многу ангажирање дури и со земање луѓе со сила да гласаат, носење низ избирачки места и тн. да се достигне цензусот од 50%. И тоа Владата на Република Македонија многу добро го знае. Сега, нормално, предлагачот, поточно Владата на Република Македонија, сигурно не сака да се

доведе во една состојба и за локалните избори да се случува исто кога ги бираме градоначалниците. Да се повикуваме, да ги малтретираме и активистите на СДС, но и на ВМРО-ДПМНЕ, да трчаат и масовно излегуваат за да избереме некој градоначалник.

Затоа, најсигурно, а со оглед на тоа какви ни се последните настани, каква ни е состојбата во која живееме, каква ни е економската состојба и сето она друго општествено кое не опкружува, јасно е дека се повеќе граѓани на Република Македонија ќе апстинираат од гласање. Тоа е неспорно. Сега ние треба да донесеме една одредба, една одлука, со која ќе кажеме дека доволно е еден градоначалник да биде легитимен градоначалник, ако за него на избори, во избирачкото место каде што е кандидиран излезат минимум една третина гласачи. Значи, две третини мнозинство не мора да излезе, доволно е тој да биде легитимен со една третина, а од нив половината да гласаат за него. Која е таа легитимност која тој градоначалник ќе ја има. Многу битно прашање. Меѓутоа, мене не ми е јасно, значи и на Владата на Република Македонија, но и на СДСМ најверојатно како поддржувач, како најголема партија која ја поддржува власта, јасно е дека ВМРО-ДПМНЕ нема цел век да биде акцијашка партија и нема цело време да се занимава со тоа колку членови од ВМРО-ДПМНЕ ќе излезат за да некој стане претседател и тоа е многу јасно. Заради тоа, да не се потпираме постојано на ВМРО-ДПМНЕ како опозиција, за да изигравaат акцијашки, треба да го намалиме цензусот, онолку колку што нашето членство, зборувам за СДСМ, во секој момент може да извади. Така, една третина е неспорно дека СДСМ може да извади, нема потреба дури да ги тераме да излегуваат на гласачко место, уште помалку да викаме на ВМРО-ДПМНЕ трчајте, стасајте ги 250.000 гласови. Така? Према тоа, доволно е со една третина и мене ми е многу јасно. Меѓутоа, дали со тоа достигнуваме и постигнуваме легитимитет. Тоа е многу битно прашање. Што ако, почитуван министре оваа одредба по неколку месеци или откако ќе завршат локалните избори, не можеме ни пред претседателски избори, пред шест месеци да ни доставите измени на Законот за избор на претседател каде што истиот овој цензус ќе го предложите и таму и ќе ни кажете, заради усогласување на Законот. Тогаш ќе ни биде јасно, затоа што најверојатно истиот господин, истото лице можеби ќе ни се јави по втор пат за кандидат. А сигурно дека тогаш ВМРО-ДПМНЕ нема да води со своите проценти.

Према тоа, мора да се постави една друга работа. Факт е дека со законите за децентрализација, оние кои треба сега во наредната фаза, најверојатно јуни месец со изборот на нова влада, кога ќе ни дојде тој пакет на закони од

децентрализација, факт е неспорен дека и локалната самоуправа, но и градоначалниците како орган во локална самоуправа добиваат далеку, далеку поголема власт и самите единици на локалната самоуправа. Значи, многу сегменти кои што сега се во надлежност на Република Македонија преминуваат во надлежност на општината. Сега, дали со овој цензус стои легитимитет што ќе го добие еден градоначалник со такви овластувања е во ред. Сепак сметам, според мене, дека она старо решение кое беше или цензус од 50%, сепак е подобро решение, затоа што на таков начин, кога минимум од половина од гласачкото тело ќе даде на некого доверба, тој навистина има право и легитимитет согласно со сите овие измени на законот да ја застапува единицата каде што е предложен.

Меѓутоа, убеден сум дека и покрај ваквите забелешки кои што овде, најголем дел од пратениците ги искажаа, убеден сум дека Владата на Република Македонија нема да го прифати ова, ќе инсистира да остане како што е, меѓутоа, нелогичноста ќе остане. Дури сум сигурен дека на локалните избори сегаког ќе се одржуваат во октомври, убеден сум и сугурен сум дека многу малку ние ќе имаме градоначалници во втор круг. 90% од нив ќе се бираат во првиот круг, мал е цензусот, воопшто не е проблем да се излезе една третина и ајде на здравје, тој што има најмногу да стане градоначалник. Така да, втор круг нема да постои. Ако пак сега ја разгледаме одредбата за вториот круг, значи двајцата кои што ќе го поминат тој цензус од една третина, а оние двајца кои што не успеале да соберат повеќе од половината, значи тука се двајцата без половина, одат во втор круг, за нив веќе не ни битен цензусот. Може да излезат тројца, двајца да гласаат и тој станува градоначалник. Така јас ја подразбирам одредбата министре, еве да ја прочитаме. Значи, ако за градоначалник е предложен кандидат а во вториот круг на гласање не го добил потребниот, ова е 56, вториот круг на гласање кој добил поголем број на гласови. Значи, без цензус. Во ред, меѓутоа, до сега имаше еден цензус поголем, а сега има многу помал. Можеби и тоа решение не држело, можеби и тоа било лошо. Значи, факт е таков, факт е тој.

По однос на цензусот толку иако може да се зборува уште многу. Има доста членови каде што се зборува за промени во составот на изборните комисии, избирачките одбори, јас тука нема што да додадам и одземам, затоа што сето тоа е пресликано од Законот за избор на пратеници. Со оглед дека бев во власта тогаш немав забелешки, немам ни сега, фактот е тој. Кога сме кај половите од 30% и за тоа немам право да кажам ништо затоа што го гласав тој Закон за избор на пратеници, кога беше таа одредба поставена, иако и тогаш имаше дискусии, мислам дека и

тогаш беше господинот Мемети министер, иако тогаш доста се разговараше дали таа одредба е уставна или не, односно како да ја напишеме, односно како да влезе во законот, а да не го допреме Уставот. Се одлучивме да не се спомнуваат жени и мажи, туку да се спомнат полови и тн. Јас сметам дека, да бидам искрен, не е ни ова кој знае какво добро решение. Меѓутоа, сепак еден почеток, еве да не се лутат жените, јасно, се однесува за половите, најмногу се однесува за нив, затоа што во Република Македонија обично и парламентите и советите ни се машки. Тоа беше еден почетен период, една почетна одредба, со која што требаше да се направи нешто во поглед за поголемо вклучување на жените. Факт е дека овој состав на Парламентот има нешто повеќе жени од претходниот или можеби се тука за кое што самите треба да си кажат.

Меѓутоа, држи место и дискусиите, ако бевме земја со поголема демократија и каде што женското лоби достигнало такво ниво како некои други европски земји, можеби ваква одредба немаше да биде потребна. Но, фатот е тој и ако пак ги земеме во споредба дека и во другите земји во Европа, да речеме Хрватска и тн., каде што пак постои една таква одредба која пак придонесе за разлика од нас, таму има поголема свест, придонесе да жените повеќе се вклучени во политичкиот живот. Сега, колку е тоа добро, колку е лошо сами ќе цениме. Ако мене ме прашате, нема да дадам одговор. Меѓутоа, во секој случај, јас тоа прашање не го поставував, претходниот премиер прашуваше, ако мене ме прашате сега јас нема да праша, затоа што незнам одговор. Меѓутоа, во секој случај не би се согласил дека оној амандман кој го предлагаат група пратеници, а на чие чело е господинот Макрадули, не затоа што е маж, туку затоа што е координатор, не би се согласил дека е исправен. Зошто? Многу лошо е дефиниран, во горниот дел, во долниот дел, остана средината празна. Некој тука предложи составот на лицето да оди жена - маж, жена - маж, жена  - маж до бескрај, некој маж - жена, маж - жена и тн., некој ќе предложи жена - жена - маж и тн., мислам дека тоа треба да си го регулираат оние што го предлагаат и не секогаш да се тргне од таа основа, заради тоа што е жена па мора да биде број два на листа или број три. Сепак, треба партијата да цени дали не само тоа што е жена, туку сепак да има некој квалитет и тн. и тн., значи сите оние други критериуми покрај она што е жена треба да ги исполнува.

Заради тоа, треба да се остави тоа да го прави секој предлагач на листа, а не да му се натура некоја содржина дека мора. Тоа е моето мислење, значи јас останувам на она предложено решение кое што е во законот без да се прифати

амандманот. Затоа сметам дека со тоа повеќе се деградира улогата. Тоа е што се однесува до улогата или во членот каде што зборуваме за застапеност на половите, иако тука мислев дека некој, еве некои од колешките ќе стане и ќе дискутира зошто министре во предлогот на овој закон ставивте процент 30% учество на половите. Сега 30% и 30% прават 60%, 40% остануваат, значи минимум 30%, зошто некој не отвори дилема да рече зошто не е минимум 40%, или минимум 50%. Значи, тоа би било добра дискусија да се дискутира, но сите се фатија за некаква дискусија, Стојановски каде што сакаше да потенцира дека стручниот капацитет е побитен отколку полот, отколку дали 30%. Мора да признаеме една работа дека и кога се носеше Законот за пратеници тргнавме од минималната стапка од 30% која би била почетна, а понатаму како ќе се одвиваат работите да ја зголемиме со некој поприфатлив европски стандард.

Или пак друго прашање. Еве до жените го упатувам за да размислат во друг правец. Значи, да не се залагаат само нивното учество да се однесува преку ваква одредба во органите каде што граѓаните ги бираат, да речеме советнички, да речеме пратенички, бидејќи само оваа одредба се однесува за листата на советници, се однесува за листата на пратеници. Дајте нека се ангажира, истата една таква одредба да важи за избор на градоначалнички, или можеби за министри во Владата на Република Македонија. Е, што убава влада би имале, замислете, 30% жени министри и зошто да не. Барем ако нема да биде добра, ќе биде лична. Сега замислете, ние од опозицијата која тешка работа ќе имаме, не ќе можеш да ја критикуваш затоа што е лична, треба да бираш зборови. Навистина, ако се оди во тој правец, треба да се направи рамноправност секаде.

Во основа, според мене, законот во целина генерално гледано треба да се донесе и тоа е неспорно. Нашиот став или јас мојот личен став во однос на тоа како ќе се изјаснам по овој закон, зависи од она што го кажав како забелешка во неколкуте члена што ги спомнав. Во делот на цензусот, тука имаме амандмани, па зависно од тоа како ќе ни се прифатат амандманите и како министерот ќе реагира, така и ќе пријдеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Прв за реплика се јави господин Макрадули, а последна за реплика се јави госпоѓа Лалчевска.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Мислам дека изгуби од рејтингот и популарноста кај женскиот пол господинот Караџоски, па сега нема да му реплицирам за вториот дел, туку само за првиот.

Сметам дека дилемата што ја отвори, во интерес на јавноста и на вистината треба да кажам дека се однесува само на првиот круг. Значи, легитимитетот на градоначалникот избран во вториот круг е ист и условите се исти како и пред 4 години кога биле локалните избори, така што нема дилема ако во минатиот закон и во овој закон стои, ако во вториот круг излезат двајца граѓани и двата гласаат за еден, тогаш градоначалникот има полн легитимитет, како да е избран во првиот круг. Да не правиме лажна претстава дека тој Ќе го изгуби легитимитетот со 1/3 цензус, тоа важи исклучиво за првиот круг и она што цело време како пратеничка група го зборуваме, тоа можеби ќе делува стимулативно на луѓето да излезат уште повеќе и да определат и одлучат кој ќе биде нивниот претставник за градоначалник во локалната самоуправа.

Реков за вториот дел да не полемизирам многу, искуството за едната половина како прв потписник на амандманот ја најдовме во примерот во Франција, каде постои такво искуства и дека од таму е преземено со 50% во горната и долната половина треба да има пропорционална застапеност со 30% од двата пола.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски, една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас прифаќам дека дилемата е навистина за првиот круг за 1/3, така што дали била таква одредба и во стариот закон кога станува збор за вториот круг, ако ние како избирачи или подносители на листа не можеме да обезбедиме ни 50% цензус, значи се плашиме па го намалуваме на 1/3, навистина е дискутабилно кој е одзивот и која е свеста кај граѓаните колку сакаат да придонесат да гласаат. Затоа го спомнав ставот 2 дека може да ни се случи, со оглед на одзивот на гласање во првиот круг, во вториот круг да излезат тројца, двајца да гласаат вака, а едне инаку, што сепак не е добро за демократијата. Инаку, одредбата е таква, и претходно била таква.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Во сабајлешната реплика на господинот Трајановски објаснив за одзивот што се предлага со овој закон, меѓутоа, бидејќи е клучно прашање и ствот на опозицијата, уште еднаш ќе го објаснам за господинот Караџоски.

Опозицијата говори дека власта има некои скриени или задни намери со намалувањето на одзивот за цензус за избор на градоначалниците на овие локални избори. Намерата е единствено изборите да бидат успешни и функционални во интерес на граѓаните, за да можат да ги остваруваат своите права, а Република Македонија нема време да губи на изборни кампањи и да го троши буџетот за избори.

Инаку, што се однесува до скриените намери, единствената скриена намера ја препознавам од страна на опозицијата која сака, односно надевајќи се преку слаб одзив да не успеат изборите, односно изборите да бидат поништени и со тоа да се прикрие нивниот неуспех на тие избори, а тоа е недемократски. Инаку, сосема демократски и легитимно е оној што ќе добие повеќе гласови на изборите да победи на изборите. Значи доколку сакаме да победиме ќе работиме на тоа граѓаните да ги убедиме да излезат на гласање и да гласаат за нашата политичка опција и со тоа изборите добиваат легитимитет. Никој не ги спречува граѓаните да излезат на гласање. Тоа го правеше опозицијата и сите го видовме на претседателските избори. Е, тоа е недемократски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Опозицијата, г. Кондарко е свесна дека владеачките партии не можат да обезбедат 50% цензус, бидејќи кога за Бранко Црвенковски не можеа да обезбедат цензус до 50%, што ќе биде доколку вас ве кандидираат за градоначалник, тешко ќе можете да обезбедите 50% цензус. Заради тоа потребно е тој цензус да се намали на 1/3.

И друго, и позицијата, ама и опозицијата е свесна дека во иднина не ни е потребно никого да молиме, да тераме некого со сила да гласа, туку тоа можеме да го направиме затоа што 1/3 ни е доволно, а фала богу толку имаме симпатизери и

членови и така глатко да ни врват сите оние градоначалниците што ќе бидат предложени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска, три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Би му реплицирала на г. Караџоски околу неговата очигледно декларативна прифатливост на процентот за застапеност на половите. Тој кажа дека гласал за Законот за избор на пратеници, меѓутоа, и после истекот на три години откако законот е донесен, очигледно сеуште ја чувствува како декларативна норма, бидејќи провејува скепса во неговиот говор околу процентуална застапеност на половите на листите за кандидати.

Во своето обраќање г. Караџоски постави, според мене, две дискутабилни прашања. Зошто амандманот кој е поднесен за пропорционална застапеност во горниот и долниот дел на листата - господине Караџоски, затоа што на минатите парламентарни избори, и покрај постоењето на законската одредба, повеќето партии со математичка прецизност, велам со математичка прецизност го испочитуваа она што беше кажано во законот, значи не дадоа ни еден процент повеќе, а никој не ги спречуваше од минимумот да дадат повеќе проценти за другиот пол и за жал, на многу листи жените беа ставени само колку да бидат тука за да бидат задоволени законските одредби повеќе како декор. Затоа се одлучивме за ваков амандман. Се надевам дека ќе гласате за овој амандман г. Караџоски.

Исто така, велите зошто не повеќе од 30%. Никој не ги спречува партиите, тоа е еден законски минимум кој треба да постои, меѓутоа, никој не ги спречува партиите да одат и со 50%. Ние го обезбедуваме само минимумот со кој би ги отвориле демократските процеси во оваа сфера, а кога ова ќе биде остварено е само прашање на сензибилизирањето, кога доволно ќе бидеме сензибилизирани за еднаква застапеност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал сосема кратко ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете бидејќи втор пат зборувате, претпоставувам дека ќе биде кратко.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добивме едно објаснување како опозицијата се плаши и како позицијата не се плаши, но колку што гледам тука имаме Закон за избори, за локални избори за градоначалници. Вие кажувате 1/3, а 1/3 господине Кондарко е 33%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не реплицирајте на реплики и не спомнувајте имиња.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Едноставно не е реплика на реплика, но она што сакаме да го објасниме го објаснуваме неколку дена овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Без имиња ве молам, бидејќи тоа ќе го сватам како контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Значи објаснувањето е 33%, ако имаме 5 кандидати, може да се случи со 6% некој да биде избран за градоначалник на една општина. Дали за вас како позиција или за нас како опозиција кој човек со 6% од гласовите ќе има кредибилитет, ќе може да биде избран во првиот круг и да биде градоначалник. Мислам дека таквата варијанта никој не ја гледа, но треба да се види.

Исто така, имаше прашање членот 7-а, каде се кажува “има помалку од 6 месеци”, мислам дека треба да се дефинира колку се тие, затоа рековме помалку од 6 месеци, може да бидат и 170 дена.

Во членот 28 треба да биде јасно дефинирана монополската функција на Управата за телекомуникации, каде стои “по приемот на известувањето да донесе решение за одземање на радиостаницата на имателот кој ја направил неправилноста во траење од 48 часа”, ова се коси со некои други закони што треба да ги спроведува монополските организации во Република Македонија и треба да се

усогласи со тие закони деновиве ќе бидат на парламентарна седница во ова Собрание.

Би кажал само толку, затоа што правиме една забуна колку некој може или не може. Останува една дилема дали некој со 5 или 8% може да биде градоначалник и да има кредибилитет во таа општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немојте таа дилема да ве мачи, затоа што вели мнозинство од излезените, а минимум излезени треба да бидат 1/3, што значи 16,7% е најдолната граница. Затоа дилемата со 5% не проаѓа.

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок, а претходно ги молам пратениците да влезат во салата.

Во меѓувреме службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ако за 10 минути не се собере кворум, ќе ја прекинам седницата. Тоа е според Деловникот, не можеме цел ден да чекаме. Го молам мнозинството да го обезбеди кворумот.

Во салата се присутни 52 пратеника, значи има уште 5 минути време за да собереме кворум.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Бидејќи во салата се присутни 54 пратеници, немаме кворум, ја затворам денешната сесија, а ќе продолжиме утре во 10,оо часот.

(Седницата прекина во 16,10 часот).